СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 јули 1993 година

Скопје, јули 1993 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 65-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 22.VII1993 ГОДИНА**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН – 1...
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 15, 17, 18, 24, 27
3. АБДИ ФАИК – 66, 68, 71
4. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ – 38, 41
5. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН - 1
6. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН – 7, 10, 12, 13
7. ПЕТКОВСКИ ТИТО – (води седница) - 38
8. ПОПОВСКИ КИРО – 27, 33
9. ПООПВСКИ ДИМИТАР - 63
10. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ – 62, 63
11. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 42, 47, 69
12. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА – 74
13. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 76
14. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН – 55, 63
15. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР – 48, 50
16. ШАЌИРИ ХИСНИ – 72

седницата продолжува

I/1 ЈМ/НД

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 јули 1993 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците: Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Никола Апостолов, Симеон Ивановски, Горѓи Котевски, Благој Ханџиски, Душко Горѓевски и Наум Симјановски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претресот. Има збор господин Манчевски.

ЈОВАН МАНЧЕВСКИ: (Прилог)

ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:

ПОЧИТУВАНИ ПРАТЕНИЦИ,

ПОРАНО МНОГУ ГИ САКАВ КОНГРЕСИТЕ, СУМ УЧЕСТВУВАЛ НА НЕКОЛКУ. АТМОСФЕРАТА Е ПРИЈАТНА, ЛЕЖЕРНА, КОНГРЕСНИТЕ ДОКУМЕНТИ СЕ ВЕЌЕ ПОЗНАТИ, ДИСКУСИИТЕ СЕ ПРИЛОЖЕНИ. РАКОВОДСТВОТО СЕ ЗНАЕ, НОСИТЕЛИТЕ НА ПООДДЕЛНИ ФУНКЦИИ ИСТО ТАКА. ОСОБЕНО СЕ УБАВИ ВЕЧЕРИТЕ УШТЕ АКО ИМА И КУЛТУРНО - УМЕТНИЧКА ПРОГРАМА!

НЕ СУМ БИЛ ДОСЕГА НА СВЕТСКИ КОНГРЕС НО КАКО И НА СИТЕ ДРУГИ КОНГРЕСИ ПРЕТПОСТАВУВАМ ИМА И РЕФЕРАТИ И ДИСКУСИИ И РАКОПЛЕСКАЊА, ДЛАБОКИ ЧУВСТВА КАКО КАЈ СИТЕ НАЦИОНАЛНИ СОБИРАЊА.

МОЖЕБИ ЌЕ СЕ ЗАЦРТААТ НЕКОИ НОВИ ГРАНИЦИ НА НЕКОЈА НОВА ДРЖАВА, КОЈА МОЖЕБИ И НЕМА ДА СЕ ЗАДРЖИ ВО ГРАНИЦИТЕ НА ЕВРОПА, СЕ Е МОЖНО. ЗОШТО, ШТО БИ СЕ РЕКЛО ПО РОД И ПОТЕКЛО А СО ТОА И НАСЛЕДСТВО: ЦАРИГРАД Е НАШ, НАШИ СЕ ТЕХЕРАН, ХАРАЧИ И КАИРО, НЕ СУМ СИГУРЕН БАШ ЗА ПЕНЏАБ, НАТАМУ СЕ НАШИ- ТЕ РОМИ ПА МОРА И ТОЈ ДА Е НАШ, - СЕ ПО ИСТОРИЈАТА ОД ПРЕД ХРИСТОС. НО ЗА НАША СРЕЌА ПОСТОИ ИСТОРИЈА ПОСЛЕ ХРИСТОС ПА ТАКА: БЕЛГРАД, ДУБРОВНИК И УШТЕ НЕКОИ ГРАДОВИ И ДРЖАВИ СЕ НАШИ, ДА НЕ ЗАБОРАВИМЕ ЗА ДРАЧ КОЈ ДВАПАТИ Е НАШ.

МИЦОТАКИС И ПАПАКОНСТАТИНУ ВЕЌЕ СЕ СОГЛАСИЈА ДЕКА СЕ МАКЕДОНЦИ И САМО МАКЕДОНЦИ. СЕУШТЕ НЕ СЕ ИЗЈАСНИЛ СЛОБО НО НАЈВЕРОЈАТНО ОД ЕДНА ЕДИНСТВЕНА ПРИЧИНА ШТО МАКЕДОНЦИТЕ ВО СРБИЈА ИМААТ ПОГРДНО ИМЕ - ЧОКАЛИИ - СО КОЕ НИЕ СЕ ГОРДЕЕМЕ НО ОД КАДЕ ТОЈ ДА ГО ЗНАЕ ТОА?

ЗА БУГАРИТЕ НЕМА ШТО ДА СЕ ЗБОРУВА, ТИЕ ПО ПОСЛЕДНИОТ ПОПИС НЕ СЕ ИЗЈАСНИЈА КАКО МАКЕДОНЦИ ЗА ДА НЕ ИМ СЕ ПРЕФРЛИ ДЕКА МНОГУ ЛЕСНО ГИ МЕНУВААТ СТАВОВИТЕ И УБЕДУВАЊАТА. ИНАКУ СИТЕ ТИЕ СИ СЕ "БЛАГОНАДЕЖНИ МАКЕДОНЦИ".

УШТЕ НЕ СЕ КОНСУЛТИРАНИ ТУРЦИТЕ, СИРИЈЦИТЕ, ЕГИПЈАНИТЕ, ИРАЧАНИТЕ, ИРАНЦИТЕ, ПАКИСТАНЦИТЕ, ЈОРДАНЦИТЕ, ИНДИЈЦИТЕ, САДАМ ХУСЕИН И НЕКОИ ДРУГИ ПОВАЖНИ ЛИЧНОСТИ. НО СКОРО Е СИГУРНО ДЕКА И ТИЕ ЌЕ СЕ СОГЛАСАТ, А КОЈ НЕ БИ СЕ СОГЛАСИЛ ДА Е ПРИПАДНИК НА ДРЖАВА ШТО Е НАЈСТАРА, НАЈКУЛТУРНА И НАЈСИЛНА ВО ИСТОРИЈАТА НА ЕВРОПА, А СО ОТКРИВАЊЕТО НА ПРАСТАРОТО ПИСМО НА МАКЕДОНЦИТЕ И НАЈПИСМЕНА ВО СВЕТОТ.

2.-

НАПРЕД ИЗНЕСЕНОТО МОЖЕ НЕКОЈ ДА ГО СМЕТА ЗА КОЗЕРИЈА, НО КАКО СЕ ПИШУВАНИ НЕКОИ КОНГРЕСНИ ДОКУМЕНТИ МОЖЕБИ ОВА ЌЕ МОЖЕ ДА ВЛЕЗЕ ВО ДЕКЛАРАЦИЈАТА КАКО АНЕКС. ЗА НЕКОИ ИДНИ ОСТВАРУВАЊА. ЗОШТО ВО ТОЈ СТИЛ Е ПИШУВАНА И НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА НА КОНГРЕСОТ.

НО СЕПАК ЕВЕ ШТО СЕРИОЗНО МИСЛАМ ЗА ОДРЖУВАЊЕТО НА ЕДЕН ТАКОВ КОНГРЕС: МОТОТО ПОД КОЕ Е ЗАКАЖАН КОНГРЕСОТ, - ЗА ДУХОВНО, КУЛТУРНО И ЕКОНОМСКО ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЦЕЛИОТ СВЕТ НЕ СООДВЕТСТВУВА СО СОДРЖИНАТА НА КОНГРЕСНИТЕ ДОКУМЕНТИ. ОСОБЕНО ОВА СЕ ОДНЕСУВА НА НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА. А ВО ДЕКЛАРАЦИЈАТА ОСВЕН ВО ЧЛЕН 28 ВО КОЈ СЕ ИЗРАЗЕНИ НЕКОИ ЖЕЛБИ НЕМА НИШТО ПОСЕБНО.

ТОА ШТО КАКО ДОКУМЕНТ СЕ НАРЕКУВА НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА, СЕ САМО РАЗМИСЛИ НА НЕКОГО ИЛИ НЕКОИ ЗА ТОА КАКО ТРЕБА ДА ИЗГЛЕДА МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИЈА.

АНАЛИЗИРАЈЌИ ГО СТАТУТОТ, НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА И ДЕКЛАРАЦИЈАТА СЕ СТЕКНУВА ВПЕЧАТОК ДЕКА КОНГРЕСОТ Е СВИКАН СО СОСЕМА ПОИНАКВИ ЦЕЛИ И АМБИЦИИ. НЕ НАВЛЕГУВАЈЌИ ПОДЛАБОКО ВО ТОА КОА СЕ СТОИ ПОЗАДИ, ЧИИ ИДЕИ СЕ, КАКВИ СЕ ПОЛИТИЧКИТЕ АМБИЦИИ, КАКВИ СЕ ЗАДНИТЕ НАМЕРИ, КАКВИ ПОСЛЕДИЦИ НОСАТ, НЕ МОЖАМ А ДА НЕ РЕАГИРАМ КАКО ЛЕКАР, КОЈ ПОСЛЕ ОПСТОЈНА АНАМНЕЗА И СТАТУС, ПОСТАВУВА СООДВЕТНА ДИЈАГНОЗА: КАЖАНО ФРОЈДОВСКИ, - ТОА Е ЛЕК ЗА НЕКОИ КОМПЛЕКСИ ПОТИСНАТИ ВО ПОДСВЕСНОТО, МОЖЕБИ СО ЈАСНИ НАМЕРИ НО СО НЕЈАСНИ И НЕСОГЛЕДИВИ ПОСЛЕДИЦИ. ВЕРУВАМ ДЕКА ИМА ДОСТА ВИСТИНА И ВО ОНА ШТО ГО ИЗНЕСЕ МИНИСТЕРОТ ПОПОВСКИ, НО СЕПАК БИ ГО ОБЈАСНИЛ ОД ПОБЛСКУ МОЕТО ТВРДЕЊЕ:

КАКО МОЖАТ ДА БИДАТ ПОТИСНАТИ И ЗАБОРАВЕНИ НАСТАНИ И ЛИЧНОСТИ КАКО ШТО СЕ: ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ СО ЦЕЛАТА СВОЈА ТРАГИКА И НОБ КАКО ОСТВАРУВАЊЕ НА ЕДЕН ВЕКОВЕН СТРЕМЕЖ НА МАКЕДОНЦИТЕ. КАКО МОЖЕ ДА НЕ СЕ СПОМЕНЕ НИТУ ЕДНО ИМЕ, АМА БАШ НИТУ ЕДНО ОД ТОА ВРЕМЕ, НИТУ ЕДЕН ДЕЕЦ, НИТУ ЕДЕН ИСТОМИСЛЕНЕЦ, НИТУ ЕДЕН РЕВОЛУЦИОНЕР, ПА ИСПАЃА ДА ЗАСЛУГИТЕ ЗА ОНА ШТО СЕГА ГО ИМАМЕ КАКО ДРЖАВА ТРЕБА ДА МУ БЛАГОДАРИМЕ

3.-

НА НЕКОЈСИ ВИЗАНТИСКИ ИМПЕРАТОР ИЛИ ИМПЕРАТОРКА, ЗА КОИ ТАКОВ ВПЕЧАТОК СЕ ДОБИВА, АВТОРОТ ПИШУВА СО АПЕТИТИ КАКО ТИЕ ДА СЕ ЗАСЛУЖНИ ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ЕТНИЧКИТЕ ОБЕЛЕЖЈА, КУЛТУРАТА И ОСОБЕНОСТИТЕ НА ДЕНЕШНИТЕ МАКЕДОНЦИ ИЛИ ДА СЕ ВРАТИ ТОЛКУ ДАЛЕКУ ВО ОПШТАТА ИСТОРИЈА ДА СЕ ЗБОРУВА ЗА НЕКОЈСИ КРАЛ КАРАН ЗА КОЈ ВЕРУВАМ РЕТКО НЕКОЈ ЗНАЕ ВО МАКЕДОНИЈА ИЛИ ВООПШТО ЧУЛ ЗА НЕГО.

КАКО МОЖЕ ДА БИДЕ ОБЈАСНУВАЊЕТО: ИЛИ Е СВЕСНА ЗАБОРАВНОСТА ЗАРАДИ ОДРЕДЕНИ ЦЕЛИ И НАМЕРИ ИЛИ КАКО ШТО РЕКОВ НА ИЗВЕСЕН НАЧИН ЛЕКУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ КОМПЛЕКСИ; ЗАТОА И МИСЛАМ ДЕКА НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА Е БЛАДАЊЕ НА БОЛНИ ЛУЃЕ. СЕТО ТОА ШТО Е ТАМУ КАЖАНО СО ЧЕСНИ ИСКЛУЧОЦИ МОЖЕ ДА ГО ПОДНЕСЕ САМО ОВАА ГОВОРНИЦА И ТОГАШ БИ БИЛО ВО НЕКАКВА ФУНКЦИЈА, САМО КАКО ПАРИРАЊЕ НА НЕКОИ: ШЕШЕЈБОВЦИ, ПАРОШКОВЦИ, И СЛИЧНИ НА НИВ, НО КАКО СЕРИОЗЕН КОНГРЕСЕН ДОКУМЕНТ, НЕ БИ МОЖЕЛ ДА ИЗДРЖИ НЕКОЈА ПОСЕРИОЗНА КРИТИКА.

КОНГРЕСНИТЕ ДОКУМЕНТИ НЕ СЕ НАМЕНЕТИ ЗА ИНФАНТИЛЦИ, ПА ЗАТОА НЕ СМЕАТ ДА СЕ ПИШУВААТ ДИЛЕТАНТСКИ. ТИЕ ТРЕБА ДА ЈА ИЗДРЖАТ СЕРИОЗНАТА КРИТИКА, ДА ИМААТ НАУЧНА ПОТКРЕПА, АВТОРИТЕ ДА БИДАЛ? ПОЗНАТИ А НЕ АНОНИМУСИ,ДА ИМААТ НЕКАКВА ВЕРИФИКАЦИЈА И ДА НЕ СЕ ЗАСНОВААТ НА ПРЕТПОСТАВКИ, ЖЕЛБИ И СТРЕМЕЖИ. ПОТРЕБНА Е СЕРИОЗНОСТ.

ДЕКА Е ТОА ТАКА ЌЕ НАВЕДАМ САМО НЕКОЛКУ ПРИМЕРИ ОД НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА НА КОНГРЕСОТ: ТАМУ СЕ ТВРДИ ДЕКА МАКЕДОНЦИТЕ И ДАЛЕ НА ВИЗАНТИЈА ОСУМ ИМПЕРАТОРИ И ДВЕ ИМПЕРАТОРКИ, НО НЕЗНАМ ЗОШТО НЕ СЕ НАВЕДУВА И ТОА ДЕКА ЕДЕН ОД ТИЕ ИМПЕРАТОРИ ГО НОСИ ЕПИТЕТОТ МАКЕДОНОУБИЕЦ, ПО ШТО САМИОТ СЕ ОПРЕДЕЛИЛ ШТО Е И КОЈ Е, А И ИСТОРИЈАТА ГО ОПРЕДЕЛИЛА.

ВО ИСТАТА ПРОГРАМА СТОИ ДЕКА ПЕТАР ДЕЉАН ИЕ ГОРЃИ ВОЈТЕХ БИЛЕ ПРЕДАДЕНИ ОД МАКЕДОНЦИ НА ПРОТИВНИЦИТЕ ЗА ПОДОЦНА ДА ДОЈДЕ ЗА КРАЛ НА МАКЕДОНИЈА КРАЛОТ ВОЛКАШИН, А С ЗНАЕ ДЕКА НИВ ГИ ДЕЛИ ВРЕМЕНСКА ДИСТАНЦА ОД 300 ГОДИНИ.

ТАМУ ИСТО ДОСЛОВНО СТОИ ДЕКА СОЛУНСКИТЕ АТЕНТАТОРИ СЕ ДИРЕКТНО ЗАСЛУЖНИ ЗА СОЗДАВАЊЕТО НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА БЕЗ ДА СЕ СПОМЕНЕ ИЛИНДЕН И ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ И АКО И

4.-

МАЛИТЕ ДЕЦА ЗНААТ КОЈ БИЛ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА. НО ТУКА ГИ НЕМА НИТУ ГОЦЕ, НИТУ ЈАНЕ, НИТУ ГРУЕВ, НИТУ ПИТУ. ДАЛИ СО ТОА НЕ СЕ ЗАГОВАРА И НОВА ХИМНА? ЗОШТО ВО ЧЛЕН 132 ОД СТАТУТОТ НА КОНГРЕСОТ СТОИ ДЕКА ТОЈ ИМА ЗНАМЕ И ГРБ НО МУ НЕДОСТАСУВА ХИМНА. НЕ ЗНАЧИ ЛИ ТОА ДЕКА НА КОНГРЕСОТ ЌЕ БИДЕ ПРОМОВИРАНА И ХИМНА - НОВАТА ХИМНА НА НОВАТА ИМАГИНАРНА МАКЕДОНИЈА?

ДЕКА СЕ РАБОТИ ЗА СОСЕМА ДРУГА ДРЖАВА А НЕ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОГА СЕ ЗБОРУВА ВО КОНГРЕСНИТЕ ДОКУМЕНТИ СОСЕМА Е ЈАСНО ОД ДЕКЛАРАЦИЈАТА НА КОНГРЕСОТ КОЈА Е ЕДЕН МАЛ УСТАВ НА ТАА НОВА ДРЖАВА НА МАКЕДОНЦИТЕ, КОИ ЌЕ БИДАТ ОБЕДИНЕТИ ДУХОВНО, КУЛТУРНО, ЕКОНОМСКИ НО И ТЕРИТОРИЈАЛНО: ЗА ТОА ЗБОРУВА ЧЛЕН 11 ОД ДЕКЛАРАЦИЈАТА. А ЗА ТОА ДАЛИ ТАА НОВА ДРЖАВА ИМА ИЛИ НЕМА И КОЛКУ ТЕРИТОРИЈАЛНИ ПРЕТЕНЗИИ МОЖЕ ДА СЕ ПОГЛЕДНЕ ЧЛЕН 17 И ЧЛЕН 26 ОД ИСТАТА ДЕКЛАРАЦИЈА.

ДЕКА СЕ ЗБОРУВА ЗА ДРУГА ДРЖАВА Е СОСЕМА ЈАСНО, НО И ДЕКА ТОА НЕ Е СЕ И СЕ ФОРМИРА ПАРАЛЕЛНА ВЛАСТ ВО СЕГАШНАТА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ИСТО Е ЈАСНО ОД ДВАТА КОНГРЕСНИ ДОКУМЕНТИ: ВО ЧЛЕНОТ 9 ОД СТАТУТОТ СЕ ЗБОРУВА ШТО СЕ ЌЕ ОСНОВА КОНГРЕСОТ, ДЕКА ТОА СЕ ИНГЕРЕНЦИИ НА ДРЖАВА НЕМА СОМНЕНИЕ, А ТРЕБА ДА СЕ ПОГЛЕДНАТ И ЧЛЕНОВИТЕ 12 И 13 КАКО И ВЕЌЕ СПОМЕНАТИОТ ЧЛЕН 132 ОД СТАТУТОТ.

И САМО БИ ГО НАВЕЛ УШТЕ ЧЛЕНОТ 24 ОД ДЕКЛАРАЦИЈАТА КАКО НАЈЕКСПЛИЦИТЕН, КОЈ ЗАСЛУЖУВА ОСОБЕНО ВНИМАНИЕ. ТОЈ ЗБОРУВА ЗА ТОА ШТО ПРЕТСТАВУВА СВЕТСКИОТ МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС И СО ШТО СЕ ЌЕ СЕ ЗАНИМАВА. АКО ПОДОБРО СЕ ПОГЛЕДНЕ ТОЈ ЧЛЕН ЌЕ СЕ ВИДИ ОСНОВНАТА МИСЛА ВОДИЛКА НА ИЗГОТВУВАЧИТЕ НА ОВОЈ ДОКУМЕНТ. СИТЕ ДРУГИ ЧЛЕНОВИ МОЖАТ ДА БИДАТ ЗАЈЦИ ПО КОИ ТРЕБА ДА ТРЧА ОБИЧНИОТ, ЗАГРИЖЕН И СИРОМАШЕН ПО ДУХ ВЕРНИК, КОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ И ЗАВЕДЕН, И ЖЕДЕН ПРЕКУ ВОДА ПРЕВЕДЕН, НО СЕТО ТОА НЕ Е ВАЖНО ЗОШТО ЛУЃЕТО СИ ИМААТ СВОЈА ЦЕЛ, А ЦЕЛТА СЕ ОТКРИВА ТОКМУ ВО ТОЈ ЧЛЕН. ЦЕЛТА Е МОЌ1

БАШ ЗАРАДИ СЕТО ТОА ЗА МЕНЕ ТАКВИОТ КОНГРЕС БИ БИЛ РАЗЕДИНИТЕЛЕН А НЕ ОБЕДИНИТЕЛЕН ЧИН ЗА МАКЕДОНСКОТО ТЕЛО.

КАКВА БИ БИЛА КОРИСТА ОД ЕДЕН ТАКОВ КОНГРЕС СО ТАКВИ СОДРЖИНИ?

5.-

КОРИСТ МОЖЕ ДА ИМААТ САМО ГРУПА ЛУЃЕ И ПОЕДИНЦИ АЛЧНИ ЗА МОЌ И ВЛАСТ, СО ПОМАТЕНА НАЦИОНАЛНА СВЕСТ ИЛИ ОД ПРЕГОЛЕМИТЕ ЖЕЛБИ И АМБИЦИИ, ИЛИ ОД ПРЕНАГЛАСЕНАТА НАРЦИСОИДНОСТ ШТО ЈА НОСАТ ВО СЕБЕ А БИ РЕКОЛ И ОМРАЗА.

ЗОШТО СЕ ПРАВИ СЕТО ТОА? ЗОШТО Е ИЗБРАНА ТАА ФОРМА? ЗАТОА ШТО ВО ОВА НАШЕ ВРЕМЕ Е НАЈЛЕСНО ДА,СИ ПОИГРУВАШ СО НАЦИОНАЛНИТЕ ЧУВСТВА НА НАРОДОТ И ДА ГИ КОРИСТИШ. НАРОД ШТО ПОСТОЈАНО БИЛ ПОНИЖУВАН И НАВРЕДУВАН НИЗ ВЕКОВИТЕ. КАЈ ТАКВИТЕ НАРОДИ Е ЛЕСНО ДА СИ ЈА НЕКОЈ ЗЕМЕ УЛОГАТА НА МЕСИЈА. ТОА Е ПОЗНАТО ВО ИСТОРИЈАТА. МЕСИЈА ШТО ЌЕ ГИ ИЗБАВИ ОД СИТЕ МАКИ, ДУРИ И ДА ИМ Г10НУДИ НОВА РЕЛИГИЈА АКО ТРЕБА И ДА ИМ ГО ПОДИГНЕ СТАНДАРДОТ. ТОА Е СЕГА НАЈИСПЛАТЛИВА ИНВЕСТИЦИЈА, НЕЗАВИСНО ОД ПОСЛЕДИЦИТЕ ПО ТОЈ ТОЛКУ "ЉУБИМ" НАРОД. НО КОЈ ГО ГЛЕДА НАРОДОТ КОГА ЦЕЛТА ГИ ОПРАВДУВА СРЕДСТВАТА?!

НЕ ВЕРУВАМ ДЕКА ВОЈНАТА ОД БОСНА ЌЕ СЕ ПРОШИРИ ВО МАКЕДОНИЈА, НО ДАЛИ НЕ ТРОПА И НА НАШАТА ВРАТА ЕДНА ДРУГА БОЛЕСТ ШТО ЈА ОБЕЗЛУЃИ БОСНА - НЕ СУМ СИГУРЕН. ДАЛИ СМЕ ИМУНИ НА НАЦИОНАЛИЗМОТ ?

ВО ТАА СМИСЛА КОНГРЕСИТЕ МОЖАТ САМО ДА ОДМОГНАТ И МЕНЕ - ЉУБИТЕЛОТ НА КОНГРЕСИ - ЌЕ МИ СЕ ОДМИЛАТ КОНГРЕСИТЕ. ЗАТОА НЕ СУМ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НИКАКВИ КОНГРЕСИ КОИ БИ И НАНЕЛЕ ШТЕТА НА ДРЖАВАТА И НА СИТЕ ГРАЃАНИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.

ОД ТИЕ ПРИЧИНИ ЈА ПОДРЖУВАМ ИНФОРМАЦИЈАТА НА ВЛАДА- ТА ШТО ЈА ИЗГОТВИ ЗА КОНГРЕСОТ ШТО ЌЕ СЕ ОДРЖИ НА 7 И 8 АВГУСТ ПОД ИМЕТО СВЕТСКИ МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС.

д-р ЈОВАН МАНЧЕВСКИ

I/6

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, пред се би рекол една овдека, наместо да зборуваме околу овие настани, си даваме право да ја ствараме светската историја каде што и во досегашните дискутанти се зборува за Палестина за другите држави, што гибате онаму каде што немате поима, што не зборуваме , за нашите проблеми, за нашата Македонија. Кои сте вие што знаете кога се створила таа држава таму и Палестина и други. Што навлегуваш таму? Кажи му дека ти можеш да му препишеш апчиња за болење на главата, а немој да му кажуваш за историјата на Македонија, за историјата на Палестина, за историјата на Кувајт, за историјата на настанатите држави. Зошто разбудувате заспан лав. Зборувајте за она што не тишти нас овде. Толку сакав за тоа, а после да продолжиме за овие работи.

На Македонија и македонскиот народ навистина им е потребен конгрес, јас не можам да го наречам светски, затоа што на светски конгрес би требало да учествуваат по мое мислење би требло да присуствуваат претставници од сите држави и турци и албанци и италијани и американци. Или е македонски, или е светски конгресот. А ако зборуваме за ова сега македонски, на Македонија и е потребен македонски конгрес, семакедонски конгрес, јас не го велам светски таков конгрес светски кој треба да работи на тоа, не два,три конгреси, еден кој ќе работи на тоа, на духовното обединување на сите македонци што живеат во целиот свет, а под покровителство на македонците кои живеат повеќето овде на својата татковина и заедно со нив да го развиваат

духот на обединувањето на македонскиот народ кој живее во целиот свет. Затоа треба да биде таквиот конгрес добро подготвен и измислен каде што на тој конгрес донесените документи и одлуки ќе треба да му одговараат на Македонија и на македонскиот народ во духот на сегашното време и сегашните политички настани и да бидат во корист на целиот македонски народ за духовно обединување. Тоа обединување би требало да произлезе од семакедонскиот конгрес јас го викам, не светски под покровителство на нашите национални македонски партии да го организираат и да го спроведуваат, а не да го раздвојуваме да бараме еден, два, три конгреса. Да ви кажам нешто што некни баш во духот на ова ми се случи. Одев за Пиварата во Битола за да разговараме за некои работи и на патот Бел камен застанавме таму да се одмориме таму кај чешмата и ме позна еден од тоа бифето изгледа и му кажа а тие од Меглен од Егејскиот, оној беломорскиот дел наш дошол баш конкретно за тоа од тоа раководство на нашите македонци од таму да бара зошто ние организираме два конгреса, дали не е тоа грешка, ако вие вели одржите не не сметате нас за македонци и ако одржите еден конгрес под Битоф, а еден друг конгрес македонски, што значи ние мораме да одржиме трет конгрес во овој дел на Македонија за да го докажеме нашетдуховно македонско единство со нив заедно. И според нивните зборови тој бил секретар на тоа, се викал и тој истоименик Трајче и бара да се одржи еден семакедонски конгрес. Ако од ова произлегува и од неговото мислење дека ни едниот, ниту другиот, а поготово од поранешниот организатор Битоф кој што нема ни македонско име, а ќе креира политика македонска, не можам да поверувам јас тоа, да не е за него тоа само чист бизнис, затоа што јас ќе докажам со тоа што еден од Австралија од Мелбурн по име Илија роден од Бач - Битолско бараше да биде примен кај претседателот на Република Македонија, не го примија и по мое барање појдовне лично кај него и тој покрај другото постави

прашање: Господине претседателе, каде се парите 18 милиони долари, или 18 илјади долари само за тоа можете да ме држите за збор што ги пративме, каде се тие пари што ги дадовме. Произлезе дека биле дадени за Битоф, наместо Битоф како богат да помогне со пари за развивање на македонското лоби, ние му даваме од овде пари на Битоф. Сметам дека Битоф створи разединување на македонскиот народ таму и сега дојде до ваквата ситуација што по мое ќе дојде до расцеп како и по- рано што беше да се држат не еден, туку три конгреси во една држава која се вика Македонија, која се вели македонски конгрес. Од каде ќе произлезат сега тие три македонски конгреси? Тоа значи ние сами се негираме. Дали со ова не ствараме ние,покрај тешки милијарди Мицотакис што има трошено на ова да докаже дека немаме, а ние сами сега без пари ќе му докажуваме дека постојат три раздвоени македонски идеали. Ако е потребно да се држи конгрес, семакедонски конгрес зошто ние каков таков по Уставот донесовме знаме на Република Македонија. И по мое мислење не треба да се лепат по градовите никакви други знамиња, затоа што сега уставно е ова знаме на Македонија, а не значи тоа ако утре како што читав во "Нова Македонија" од понеделникот дека од онаа новинска агенција на Германија каде што вели дека идат 700 војници американци тука, а подолу вели дека претседателот дал согласност за менување на знамето, да дојде грбот и за знаме и за грб на Македонија.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**: (Продолжение)

Ја се прашувам ако е така од таа агенција, ако не е демантирано, ако е вистина, се прашувам тогаш зошто толку копја ломевме околу тоа и пак дојдовме на тоа што го предлагавме. Значи, заврти круг пак истите одлуки си одат. Еднаш треба да се научиме на ред да ги решаваме проблемите, а не да вртиме околу Загреб, како што велат се врти како дождот околу Загреб. Тоа беше да се држи под знамето на Македонија и не можеме да имаме друго знаме да се вее над тој македонски конгрес. Тоа е мое мислеше.

Би направил некои забелешки на таа програма или декларација, јас незнам како се вика . Повеќе нагласка се дава на династиите и стари кралеви од антиката. Зошто заспан лав го разбудуваме. Дали не треба еднаш да докажеме дека сме македонци. Со кое право сега велиме , кој е толку јак историчар што докажува во декларацијата дека ние сме постари 30 или 60 години од Рим со тоа што се вели дека Рим потекнува од земјоделска, занаетчиска заедница и ние сме биле постари од нив. Што ја гибаме Италија која е најголемиот наш симпатизер што не признаваше Зошто сега таму чепкаме каде што не ни е работа. Тука до мое многу ја комплицираме работата. Тоа ми личи кога Италија сакаше да ја признае Македонија и тоа прва пред Словенија, па се одржа тајниот состанок во Охрид и прекина не не призна ни Италија ни Германија ни Австрија, па затоа велам да не ги направиме истите грешки ако донесуваме такви декларации, такви документи на тој конгрес. За мене јас незнам дали тоа ќе биде Македонија.

Опседнат со овие пусти кралеви, Волкашин и кралот Углеша и Марко, по историјата како што знаеме тој загина како вазал под знамето

II/2.-

на турската империја. Од каде сега тој се борел за христијанството и за постанокот на Македонија. Затоа сметам дали носиме ние политички декларации за признавање на Македонија или му докажуваме на светот како да си ја кројат нивната историја. Изгледа и Хусеин ќе испадне македонец по оваа работа.

Опседнат уште со тие кралеви од декларацијата наместо нај големиот акцент да се дадеше на Илинденското востание , нивните борци, нивните идеолози никаде тоа не се спомнува, колку што забележав таму се спомнуваат како поразени бегалци од турската империја  и растурени низ Македонија, а не како борци и идеолози и јунаци на Илинденското востание.

Во истата декларација, во членовите се вели се што само нема никаде да се спомне Република Македонија. Ако е така значи тој конгрес треба да оди само под името Република Македонија, а не ние го запоставуваме тоа, а зборуваме само за антиката. Сето ова ми личи дека ќе оди во полза на Мицо Такис и на другите.

Во членот 11 од декларацијата се вели дека без целосна Македонија нема што да бараме од Европа . А јас се прашувам но ако не успееме да направиме таква целосна Македонија, што тогаш да се откажеме од оваа? Ние, без разлика на тоа што ќе вели Европа ' ние ќе се бориме да го оствариме македонскиот идеал и македонската Република и македонската нација. Можеби Европа тоа го сака да рече, ако подлегнуваме на тие работи како и порано, ние пак одиме како порано пред Илинденското востание кога ја поделија на три дела, така ми изгледа мене оваа работа. Тука мора малку подлабоко да се навлезе во ваквите декларации со тоа да видиме што и понатаму оти мораме да речеме Европа, но ако Европа не сака , не сака, но другите не сакаат, друг ќе се најде што ќе не сака, па ќе одиме понапред.

Во членот 27 се вели наплата на репарации и одштета на сите војни што се- водени досега на територијата на Македонија. Сега се прашувам на која територија на Македонија. Дали само на овој дел, дали на целокупната што се вели погорната декларација дека нема Македонија без целосно обединување. Кој треба да ни плати нам репарација и отштета? Јас памтам дека и големите сили имаат водено војна тука и сите балкански држави воделе војна и сега на- место да создаваме единство со сите овие држави , да градиме подобри односи за признавање, ние бараме репарации, а под Турција ова место беше 500-години, значи, пред 500 години треба да ни плаќа реперации и да станеме ние најбогата земја во светот. Затоа повтор- но ќе повторам го разбудуваме заспаниот лав . Репарации, ако така стојат, како што бара овој конгрес што ќе се одржи, сметам кој знае дали ќе дојде до вистинската идеа за духовно обединување на македонскиот народ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам оставете го господинот Мицевски да доврши.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Во членот^24 се вели дека Светскиот семакедонски конгрес претставува највисок парламент на македонците на Македонија. Од целиот свет. Јас се прашувам што ќе биде овој парламент? Овој Устав што го донесовме што ќе биде со него? Значи, нема да имаме парламент, но Битов ќе ни диктира парламент. Немојте така. По некогаш ќе повторам некоја мисла на Митко молчете оти ќе плачете, но јас ќе речам свестете се оти ќе плачете. Дали не е тоа погазување на уставните одредби, дали не е негирање на сите каков таков ова ни е прв историски документ за зачеток на прва македонска парламентарна демократија во оваа Македонија и сега кој е тој Битоф што ќе дојде и ќе

ни диктира некој работи. Немојте така.

Е, сега малку за Информацијата на Владата. (негодување од страна на пратениците)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за тишина нека продолжи господинот Мицевски. Знаете, не сме се договориле ниту за време траењето на излагањето ниту за бројот на дискутантите:

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Јас не сакам да ја коментирам многу Информацијата да не губиме време, но вака ќе кажам, како јас ја разбирам. Ако се усвои ваквата Информација, јас сум за тоа да се преземат некои работи, но како што е речено дали утре не ќе бидат затворени овие луѓе . Ова Информација на тоа личи. Ако не е, тогаш добро, јас само прашувам, а Вие ќе речете не и ќе ве држам за зборот , а одете па затворете ги после. (му се обраќа на министерот за внатрешни работи господинот Љубомир Фрчковски).

Јас гледам дека на ниедна седница, ова го потврдувам со следното, на ниедна седница министерот за одбрана и министерот за внатрешни не одат на овие седници, а сега на оваа седница дојдоа со тоа да ни укажат дека еве сме ние тука и затоа ќе морате да ја усвоите оваа Информација, па потоа што ќе биде ќе се прашаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако продолжите да упаѓате и не дозволувате да се продолжи седницата, ќе дадам пауза.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Ова го потврдувам, сега малку ќе ми простите една драма што се одржа во Москва кога беше испразнета касата на Москва немаше пари и

II/5.-

Сталин и компанијата измислија да направат една голема реклама дека ќе се одржи најголемата уметничка драма во Москва и целиот народ отиде. Многу карти се продадоа и паднаа многу пари. Е, сега чекаат сите да почне претставата, но претстава нема. Наместо да почне претставата излегува министерот на УДБА Берија и им вели . На кого не му се допаѓа претставата нека дојде на благајна да му ги вратиме парите. (смеа и аплауз во салата). Ова ми мириса на тоа. Нивното одеше мириса на ова. Тука се гледа подвоеноста на партијата и по друго. Сите седенки што се држат и свечености по градовите во оние места и градови каде претседателите се од СДС или од другите партии, Претседателот на Републиката и претседателот на Владата со нив рамо до рамо шетаат , а каде се претседателите на градовите од ВМРО како да не се познаваат и не се одржуваат такви врски. Конкретно, работата треба да ја вршиме така службено кога се оди во тоа место треба првин да се посети претседателот на општината и заедно со него да одат каде треба. Тоа го сторија некни во Охрид го зедоа Силјановски, претседателот на Собранието, а не памтам во Скопје да се посетени општините и Собранието на град Скопје. Зошто тоа не се посетува? Зошто не се контактира со тие собранија и со тие општини. Тоа е во врска со Информацијата од Владата.

Или, дали ние не се занимаваме со многу пониски работи од- колку покрупни стопански проблеми што ни се наметнуваат на пример со РЕК Битола кога десетина дена траеше штрајкот, а овие држеа седенки не отидоа таму да се реши проблемот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Митко Анастасовски.

II/6.-

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Прв пат носам повеќе прибелешки, но простете не можев така и не можам да сфатам зошто толку работи напишав. Самиот незнам зошто така, ве слушав убаво и внимателен, а понапред не Ве поздравив а сега Ве поздравувам сите пратеници и пратенички и сите присутни во салата. Меѓутоа, понекогаш човек размислувајќи до каде може да го доведе мислата, паметот, човекот треба да размисли дали сето тоа треба така да настане кај човекот. Дали човекот треба да се преиспита кажа еден пратеник вчера дали сум јас Митко мајката или сум незнам кој.

Се доведуваме во една ситуација во моментов кога ја разгледуваме оваа тема на конгреси, верувајте ми во незгодна ситуација. Ги читам заклучоците на Владата први, втори, трети, четврти член со кои се бара да се осудат човекот кој бара конгрес. Значи, и на Киро не му бега казната, на Претседателот на Републиката затоа што утре и тој ќе се јави со едно барање за еден конгрес.

Јас како Митко не го одобрувам ова барање , овој заклучок што го бараат Славе Наумовски и Алил Џаферовски од овој кворум да донесат едни такви заклучоци и на крајот Петров да се најде под лисици, а утре кога ќе се врати кај Киро Глигоров и него да го пречека полицијата, нека ми прости министерот за внатрешни работи, уште при влезот на Скопје, па да го носи во Гидиколе. Тие се за еден парламент демократски каков што е нашиот,не прифатливи. Овој лист за мене е неприфатлив. Ако се вратиме малку поназад, јас ;не сакам да предавам историја, меѓутоа, треба да се расветлат некои работи зошто ние бараме вакви работи. Зошто ние бараме конгреси? Вие не знаете никој еден од актерите за таков конгрес сум и јас. Досега не сте знаеле, еве јас ќе ви кажам, но

II/7.-

нема а, а ќе речете амин , требаше да стане. Така? Јас ќе го објаснам малку поинаку случајот во вистинитата форма затоа што на тој конгрес ќе требаше да бидете присутни сите што сте тука од вашите партии, ќе требаше да бидат сите здруженија, ќе требаше да биде целиот народ од оваа земја кој ја претставува Македонија. Тој конгрес да се организираше, требаше да се загуби, не да се загуби времето затоа што и така го губиме времето за без целни работи, но за тој конгрес ќе требаше повеќе работа.

III/1/ПЈ/лј

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (продолжение)

Тоа некаде беше ми се чини и господинот Петров, се држеше по случај една панихида ми се чини на Даме Груев во Смилево, каде што направивме еден иницијативен одбор од неколку члена и решивме да се сработи да се биде во врска со сите политички организации и движења во Македонија и тоа да дојде ова. Меѓутоа, до тоа не дојде. И дојдоа сега наеднаш два конгреси, по право еден конгрес и ни иде уште еден конгрес. Јас како човек, сега како Митко не можам да ги осудам ни едниот, ни другиот. Меѓутоа, да бидеме искрени ние повеќе штета му правиме на тие луѓе кои живеат надвор од нашата земја отколку што можеме да му направиме добро. Еве зошто. Господинот Киро Глигоров и Битоф имаа други видувања за Македонското прашање. Може би не се лоши, меѓутоа видувањата се поинакви. Господинот Петров има други видувања, така? И автоматски тука се јавуваат две фракции и антагонизми кој е сега поголем македонец. Јас или Авди. Не сакам да го навредувам, зашто вчера настапи многу убаво и сега треба да си мисли едниот, мајката ако одам со Киро и со Битоф, може би јас сум подобар македонец. Ако тргнам по патот на Петров, сум помал, а никој тука не може да го пушти. Добро ќе беше малку тоа да се консолидира, ќе беше многу поубаво ако овој конгрес господинот Петров го направеше и ни предложеше да биде тоа време минатата или преку минатата година, не памтам кога ние тоа го замисливме, или самиот да ја земеше иницијативата, но со соработка со орган и со политичките организации и после да настапеше и да го организираше како претседател на тој одбор, нормално, под закрила на државата. а државата која е знаете? Сигурно знаеме. Која е, ние сме цел народ. Добро, државава може да е Фрчко. Извини, затоа што тој е власт. Ама во државата, во Македонија кога збориме за Македонија држава сме сите ние македонците и останатите кои живеат тука.

III/2.-

Е, тука сега може би ќе се сукобам со некои мисли, бидејќи добро објасни колегата Трајан дека ова е национален конгрес за духов- но и културно, ама и економско, економски конгрес, заради тоа што ние сме веќе при работ на пропаста, не по наша вина, по вина на некои можеби и тука тоа сето кое ќе соединеше и политички и нормално таков конгрес ќе беше државен и таков конгрес ќе беше подобар. Не сум против ни тоа ако Петров успее да донесе луѓе, но да не навлегува во рамките на државата. Ако има такви пријатели, ако има такви луѓе кои ќе придонесат за успех на зближување, тогаш нека се одржи и нека свика делегати од сите наши партии итн. Ако криво нешто сфатив, ама не сфатив криво, затоа што живеам со оваа политика две ипол години и порано, мислам дека ние и надвор, затоа што надвор од нашата земја беа наши колеги и јас ја немам таа среќа пошто не ја напаѓам парти- јата во која припаѓам, ни господинот Андов, можеби не сум тој среќник што можат да излезам и да го претставам македонскиот народ. Јас само можев да викнам Да живее Македонија, кога се убивав, а Митко не може да оди надвор. Не ја обвинувам партијата,"а тоа ќе го потврди Фрчко. Еден сум јас единствен кога ги заборавив децата и реков, да живее Македонија. А беше од таванот до камењата. Никој не може да ми докаже, господине Фрчко,, дека не е така. Тоа ме боли сега.

А мене ни претседателот на Владата ни претседателот на Собранието, затоа што јас претставував на плејада од политички затвореници. Зошто се га го велам, зошто дојдов и се изнервирав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, овде само сте избран од граѓани, гласачи, избирачи.

**МИТКО АНАСТАС9ВСКИ:**

Затоа што многу од вашите патриоти, јас не ги викам нешто друго, патриоти, македонци можат да одат во ЌЕБС, во Бугарија, во Франција и незнам каде, Митко не може да оди, не викам сега за вас, но нека му биде на чест и на мојата партија и на Собранието.

III/3.-

Затоа што Митко ќе ја каже вистината забележува. Ве молам, се што ќе кажам во овој момент да забележуваш во стенограмот. Видете сега, тоа го вика не јас, затоа што јас претставувам плејада од политички затвореници. Прво, ние да расчистиме со политичките затвореници надвор, затоа што кога ќе одите надвор вие во тие земји таму е плејада од деца на политички затвореници. И тоа треба да го знаете и не се тие само од овој дел на Македонија, јас не ја делам Македонија, затоа што ќе го прочитам еден момент и може да го провери полицијата, еден пат јас отидов тоа беше години со покојниот Александар Јанакиев со кој соработуваме од Смилево, кај Горги Чуран и Борис Чуран, син му е умрен, а снаа му има две внучиња живи. И ние кај него, тоа беше одам појдовме да го видиме војводата и да се поздравиме и да добиеме некој совет. Добро, ама ние како деца тогаш, иако работевме за оваа работа, инаку не можеме да бидеме ние, туку ќе беа некои други, како што беа, некои можеби беше и не прашува од каде сте бе деца? Ние сме егејци. И тој рипма што сте вие? Мајката, егејци се. А бе деца, а бе имате памет вие или немате. Пак трети пак не прашува и ние прекутевме. Не постоеја егејци. Постои Македонија, покојниот бог да му прости душа, постои една држава и ги испцуа оние што ги замислија тие имиња. Значи видете една работа. Не сакам да вреѓам никого. Кога го славиме Гоце Делчев, и кога викаме дека овие во Австралија, во Америка, во Канада, во таа дијаспора што ја викате, наши луѓе во странство надвор од земјава го славиме Даме, го славиме Гоце, Даме по малку сме го заборавиле тоа е пак наша историја, историчарите треба да ја исправат. Го славиме Гоцета, го славиме Илинден и славиме некои други празници и тогаш ни ракоплескаме и нашите новинари нека ми простат пишуваат таму. по некои реченици, не сите новинари, затоа што едни новинари се малку така и страшливци или се наклонети во нешто не добро. А повеќето се добри. Тогаш им ракоплескавме на нив, на тие луѓе. Излегоа со знамињата, добри се. Или пак ако фрлија нешто во тезгето, тие се добри.

Меѓутоа, пазете една работа, секој паметен човек, секој патриот е должен да ја почитува земјата и да ги почитува сите и да се праша да постави прашање, мајката зошто избегаа луѓето од Демир Хисар, каде отидоа? Каде отидоа луѓето од Костур, каде отидоа луѓето од дебарско, од леринско, од битолско, од Мариово, каде се луѓето? Исчезнаа. Зошто? А ние ги викаме сега да дојдат. Дајбоже да дојдат, но треба да се прашаме од што заминаа. Дали заминаа што не му беше мило селото, дали нешто им фалеше? Не. Некој ги избрка. 90% избегале затоа што не можеа да трпат. Таа неправда ние треба првин да ја исправ* ме. Да се запознаеме самите себе си и тогаш да бараме конгреси.

Некогаш ве прашувам вас колеги, не вреѓам никого и не сакам никого да увредам, затоа што ти во тоа време не беше ни родено, а сакам да ве прашам вака? Дали си помисливте вие некогаш тие егејчиња во февруари во 1947 и 1948 година кога во тие планини, ние за февруарскиот поход кој не е за понижување ние ги спомнуваме и ги учиме во историјата. Е, сега тие мали дечиња без мајки, без татковци кога одеа кон Албанија, з а што само таму беше отворен патот,"во тие места, • по тие планини Вичо, низ Грамос, незнам каде и таму беа прифатени, тие беа деца од еден месец до 12 години. Ми се чини може би има тука некои од моите колеги кои ги поминаа тие патишта без мајки, без татковци и без ништо. Тоа само кај сите вас без разлика од која националност е итн., малку да ве загрижи. Ги погледнавте ли вие историјата на Македонија во Пламен? И тоа прашање ќе ви го поставам и дали тоа сте го поставиле таму каде одите од Илинден, па до 1949 година. Ги видовте ли илјадниците села, илјадници планини, стотици планини, ги видовте ли мајќите по затворите, ги видовте ли татковците убиени, ги видовте ли тоа што беше гробовите растурени. Ги видовме, а не ги осетивме. И тогаш Христос праша, извинете ви од Мухамедамската

вера. Рекол Татко, Татко. Казни ги. Исус не може да истрпи од маките не, рече. Ти ќе ги казниш. И дојде време ги казни. Се зборува за фарисеите, не за нас. Кога мајките наши лежеа по тие затвори, господа, кога ги убиваа тие дечиња и по патиштата и во оваа земја нашата која ја сакаме и ја градиме, затворите беа полни. Мајките таму, синовите тука. Преполни, од ослободувањето во 19 44 година, од кога се вративме од тие казнени експедиции каде што не пуштаа од дисциплинските баталјон ни, не сакам за мене да зборувам, затоа што јас многу имам пишано, ја знаете мојата историја, не зборувам ни за татко, ни за дедо, ни за прадедо, ни за мајка, не сакам тоа ни да го споменам, не сакам ни за мене, туку сакам да ви спомнам една работа да го имате секогаш на памет. Најдобрите патриоти загинаа по фронтовите. Од сите нации и националности, и од вас од ромите и од другите, затоа што вие се делите на неколку групи. Не се врати од фронтовите, ги убија за некои идеи кој знае чии. Не се вратија. После тоа станаа чистките. Синовите на тие илинденци, на тие ваши деца, на вашите дедовци, вашите татковци после дојдоа по ред, па да ги затвораат, да ги убиваат они што ја зедоа власта. Веднаш тука ќе прекратам. И ќе се обратам лично до господинот претседател на Собранието. (пратениците реагираат и се смеат, затоа што во моментот седницата ја водеше Тито Петковски, додека претседателот Стојан Андов беше за момент отсутен).

Извинете, господине потпретседателе, штом човек не учествува јас не зборувам. Во друг случај ќе кажам зошто тоа го кажав, сега нема да кажам ништо, ќе дојде денот кога ќе кажам зошто го побарав претседателот на Собранието. Меѓутоа, се обраќам кон вас, кон овој парламент, да знаете една работа. Ако сите се давиме и сака еден да не спаси, бидете уверени дека и тој ќе се удави. Нема збор. Јас не верувам меѓу вас да има убијци. Не верувам дека меѓу вас има синови на таквите луѓе. Не сакам ни да верувам. Нема такви луѓе. Јас кај вас гледам

поштени луѓе. Јас најискрено сум и најпарламентарен и најпарламентарен сум. Јас не познавам никого. И не сакам да познавам меѓутоа, зборуваме тука, да не бегаме многу од темата, а некој ќе каже, ќе се обратам сега лично до министерот за внатрешни работи. Затоа што ве чекав да дојдете и ќе ве молам Собранието, убаво да ме сослушате ве молам господине министре, затоа што овие не се работи за смеа, туку се сериозни работи на една држава која ја правиме. Собранието оценува, дали оценивте, незнам вие, ама тука пишува оценува дека ваквите програмски определби можат да предизвикаат несогледливи политички последици врз стабилноста на Република Македонија и нејзината меѓународна позиција, поради што укажува на потребата надлежните државни органи во рамките на своите надлежности да ги презема сите неопходни мерки и активности уа спречување на штетните последици на ваквите собири. Тоа е дел од догматизмот, тоа е дел од видувањата, јас барем како гледам дека може би и настапува моментот на та тиха диктатура. Нека ми простори министерот. Ако министре, ставите рака на овој човек или на човекот што не е тука, истото ќе се однесува и за претседателот, ќе ве молам, тоа ќе биде незаконски и сите тие точки тука дадени во заклучокот ги отфрлам. како Митко, не како нешто друго. И вели овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија. Верувам дека и вие ќе го отфрлите, затоа што имам едно искуство тоа многу негативно влијае, надвор во странство, во моментот кога ја градевме државата, вас ќе ве изморам малку, господа, затоа што може би вие утре ќе паднете, не зборам за моето за моето раководство, овој пат ништо не зборувам, зборувам така воопшто, можеби ќе паднете и вие под едно такво дејание. Во времето кога ја градиме оваа држава, во времето кога уште беше југословенската армија тука, во време кога сите партии, а и нашата партија, нормално, како најнационална се бореше за нешто, тогаш незнам Фрчко дали беше министер извини,

тогаш паднаа затвор луѓе и уште судењето трае. ВМРО-овци, паднаа во затвор, затоа што некој запалил некое знаме, некој таму незнам што направил и третиот незнам што направил, направиле нешто оти го отфрлија јаремот од себе. Потоа ние во оваа сала ракоплескаме. Сега замислете како тоа ние ќе го објасниме на тие наши луѓе, од мене барате објаснување господине министре, телефоните се слушаат, ги имаш таму лентите, ќе видиш како јас на тоа реагирам. За што, еден од тие актери кои се сослушува сме и ние и нашата партија и раководството на партијата и некои луѓе. Сега тие луѓе не се ослободени уште, пазете една работа, значи, ако некој од вас падне во немилост тешко вие ќе се ослободите од обвинението. Ем таму ќе ви се направи едно досие убаво, лично, ем ќе се судите, судот нема да завршува и ќе се чека моментот кога ќе ви се зададе последниот удар. Тоа ми се чини дека ниту во фашизмот се правеше. Во другите држави, еднаш Ви објаснував дека тие досиеја се изгорени и нема трага од тоа. Не е министерот за правосудство што имам симпатии извесни кон него, затоа што во неговиот џеб лежи една голема слика на Гоце Делчев и на дедо му војводата. Така што нашата полиција тоа ми се чини, а, уште една работа. Јас барам^едно објаснуваше од министерот за внатрешни работи. Немам ништо немам ништо друго против тебе Фрчко, а имам едно такво, кога луѓето беа во затвор се тепани и му се пцуеше македонска мајка, значи ни се пцуеше мајката на сите нас и ВМРО-овска и мајка македонска, а тие имаа две српски презимиња.

IV/1. -НН/МЛ

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

... и ако уште ги држите во службата тие луѓе, значи ако тие луѓе се уште во службата, значи не не чека нас ништо арно. А еден македонски министер да држи тепачи, точно џелати да можат да не тепаат нас Македонците, или Албанците и други. Значи, вие сте резерва последна за тепање.

(Уфрлување на некои пратеници од место).

Не, не, и сега пазите една работа. Јас ќе го замолам министерот за внатрешни работи овие луѓе да ги земете под одговорност. . .

(Со поглед вперен кон министерот за внатрешни работи)

Да ги отворите досиејата на тие луѓе, затоа што тие луѓе не ги имаат тепано само овие нашите домородци, туку имаат тепано и други луѓе. Какви луѓе, а таква полиција наша. Ние имаме златни деца, и да се даде на полицијата, бидејќи сум до полицијата тоа што му се задржа. Нешто му е задржано, дали е во ваша компетенција, да му се даде, зашто овие млади деца се како вас млади и јас верувам во таа млада полиција, дека таа полиција ќе биде најдемократска и таа полиција нема да дигне рака ни на татко му,ни на дедо му, ни на мене, ни на вас, ни на никого. Ќе го почитува законот кој го правиме во овој Парламент.

Не е министерот за правосудство, не можам да зборувам нешто зашто ќе барам од него. Јас во принцип сум таков, не можам така да зборувам, но ќе зборувам сега за нешто друго. Ќе зборувам за конгресот.

Овие работи треба да се кажат, зашто јас можеби ќе одам на конгресот, ќе одите вие некој во тој национален конгрес и ќе побараат од вас што ставаше, мора да го кажете. Се надева дека никогаш повеќе затвор нема да има во оваа држава. Се надевам ќе ги решиме и

економските прашања зашто на улиците ни се полно народ без работа, полно социјални без работа и да клаиме еден ред да си плаќаат овие штом сме во оваа ситуација, да ги плаќаат даноците и да ги враќаат парите тие што ги украле.

Е сега, гркот не може нас, односно пазете една работа - змија, змијата секоја годинаја фрла кожата. Фрлајќи ја кожата змијата мисли дека таа не е отровна повеќе. Се радува дека не е отровна. Колку пати да ја фрли кожата таа е сепак отровна. Кожата ја менува отровот и стои. Гркот може да бара многу од нас. Јас незнам какво право има, меѓутоа државите Европа и Америка и другите еден ден ќе речат дека доста со тој гркот, дека гркот како Грк може да каже ништо не сте вие. Ние тоа нема да го прифатиме дека ние постоиме во овие простори со векови, дека ние имаме наша историја, дека е и културна и политичка историја со борби, со се. И сме имале држава и ќе постои држава. И во моментот да ви кажам.

Ве молам, меѓу сите партии прво дајте да ја направиме државата. Да му ги затвориме устите на тие што не сакаат држава. Ве молам како браќа. Денес не ни го бендисуваат знамето утре не ќе не бендисаат нас самит§. Утре ќе донесеме грб и тоа нема да го бендисаат. Ние не можеме да бидеме, ама кој сака од вас нека биде на влас, кој сака од вас нека биде министер, немојте да прифаќате работи кои тие ги наложуваат. Секое наложување од странска држава, страна држава, секое наложување што не оди во наши интереси ние никогаш нема да го прифатиме. Обележјата треба да ги донесеме и сакале или не сакале, тие ќе ги прифатат. Сакале Скопје. Мајката, не сме само Скопје ние. Сакале Нова Македонија, па ние не сме нова сега. Значи утре ќе побараат којзнае какво име, други ден ќе побараат незнам какво знаме и со тоа ќе не уништат. Првите зафати на една држава е историјата, периодите кои поминале. Не влегувале во борба ни нашите дедовци, на

IV/3.-

Самоил, ни борците на Илинден, ни подоцнежните времиња на НОБ без обележја. Ние не влегуваме сега во борба, во војна, но влеговме во политичка борба. Влегуваме во менување идеологии, влегуваме, сме во една таква ситуација што треба да се одбраниме и можеме да се одбраниме. И ако попуштиш ќе те одере, како што ни ги ваѓаа ноктите кога бевме деца 17 години. Тоа нема да го дозволиме само заради тоа што сме Македонци. Нема да дозволиме некој да ни го нападне дедо ти, дедо ми, мајка ми, татко ми, вас и мене и децата. Само така ќе се запазиме како нација, само така ќе се запазиме како држава. Секое попуштање носи друго попуштање. Во просторите каде што живееме, од секогаш живеевме и ќе треба да останеме. А понатаму после светот, ние не бараме ништо од Грците, бараме дури добри односи да имаме. Бараме да се отворат границите, бараме да бидеме, како што сега беше, да бидеме мили, сакаме да одиме да ги видиме на крајот на краиштата и гробовите на нашите татковци ...

(На господинот Анастасовски солзи му потекнуваат одочите)

и тоа да го прекутиме ние? Не, не можеме да го прекутиме. Европа треба да не сфати дека постоиме и ќе постоиме, и Грција мора да клекне. Самото време, и Америка ќе ја натера и се. Не може Грција да ги затвори границите на Европа после неколку време. И ќе ве молам малку да размислите за овие ситуации, го молам господин Петров, јас не сум против тоа да се одржи, меѓутоа ако се најде заеднички јазик што може да се спаси, затоа што и господинот Киро Глигоров со Битоф спремале некоја работа и ако можете вие политичките партии и здруженијата да се договорите, зашто јас не знам колку време остана за тој конгрес, заради доброто на овој народ и ако може да се одржи, ама сега е лошо па ако не се одржи, луѓето се известени и така иде до една кохезија. Јас толку

имам да кажам и никој нема право да ја сече ружата. И јас верувам дека и трнот ќе направи трендафил. Никогаш нема да го затвориме листот на историјата

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Завршивте ?

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас имам многу да кажам, но отсуствува и претседателот на Собранието и за претседателот на Републиката имав некои прашања директни да му дадам, меѓутоа ќе оставам за друга прилика, и се надевам дека еден ден ќе направиме државен конгрес во Републиката со сите кои ја сакаат оваа мила земја. Национален конгрес на сите Македонци од цел свет. Со тоа и нас ќе не поздрави светот и господ ќе не благослови и ќе дојде до национално помирување.

**КИРО ПОПОВСКИ**

Почитувано претседателство, почитувани народни пратеници. Дозволете да и јас се уклучам во оваа дводневна расправа по ова толку значајно и многу чувствително национално прашање за кое Парламентот се определи да расправа. Веднаш би сакал да кажам и да се изјаснам дека и покрај тоа што не сум потписник на иницијативата за денешната расправа, во целост се согласувам со потребата од изјаснување и градење на однос на Собранието кон програмските документи на најавениот прв светски македонски конгрес. Ова мое уверување со досегашната расправа само многу повеќе зајакна. И покрај тоа што на прв поглед би се сложил со некои дискутанти дека во најблага форма е необично, па дури би рекол и неприфатливо Собранието на Република Македонија како претставничко и законодавно тело да расправа за програмските документи на едно здружение на на граѓани кое се

прокламира притоа и како невладина и непартиска и непрофитна асоцијација и која има исклучиво добротворен и хуманитарен аспект, карактер и дејност. Затоа и очигледна беше реакцијата и на опозицијата, и не само на опозицијата при покренувањето на прашањето дали оваа расправа не претставува еден однос на едно ново едноумие, или како што веќе беше кажано државен тероризам против плурализмот, желба на коалицијата или на власта, прашањата кои што се предмет на расправа да ги решаваат по свој вкус, односно се да стави под своја контрола. Но, тоа само на прв поглед така изгледа, по мое мислење. Доколку не се направи, не се навлезе по продлабочено во основните поставки и платформата изразена во програмските документи на веќе закажаниот прв светски македонски конгрес. Говорам за овој конгрес бидејќи по мое мислење денеска за него можеме да говориме бидејќи со неговите документи и располагаме.

Вториот и другите конгреси во оваа дебата се спомнуваат очигледно исклучиво од аспект на опортунитетот на држење на повеќе конгреси, опортунитетот од ваков наплив на конгреси и на ваков наплив на грижа за нашето иселеништво во странство.

Кога се определувам за потребата од јасно дефинирање на однос спрема Собранието према платформата изразена во документи- те на овој конгрес, пред се ценам дека тоа се темели на неколку основни мои поставки.

Прво, таквиот однос Собранието треба да го покаже пред се поаѓајќи од значењето на проблематиката што е на дневен ред и во која платформа се изразуваат битните национални чувства и однос на Република Македонија кон граѓаните, кон деловите на македонскиот народ и другите граѓани кои што живеат вон Република Македонија. Дека во овие документи се нуди платформа која што по многу отстапува од

глобалната наша и уставна и политичка определба на овој Парламент, поради што има потреба од реално, сериозно оценување на основниот пристап и темелите врз кои ние ќе ги градиме идните односи. Тоа е затоа што во оваа платформа, во овие документи се нуди еден модел на институционално организирање на односите на Република Македонија и прашање е дали на Република Македонија со иселеништвото во остварувањето на основните функции и цели кои што се поставуваат, а кои што се како обврска и со новиот Устав вградени за Република Македонија.

Трето, таа потреба произлегува и од реакциите кои што се скоро во Републиката, особено во последно време се така присутни и скоро да нема ниедна политичка партија, а во последно време и стручни здруженија, па и поединци и не само од нашата земја, туку и од странство кои што не ги кажаа своите определби и ставови до одржувањето на овој конгрес, или конгресите и посебно неговите програмски определби.

Четврто, што мислам дека посебно е значајно е зошто Собранието треба да го изгради овој свој однос бидејќи имам впечаток дека со остварените промени во системот како да се создаде една празнина во едно континуирано изразување на интересот на Република Македонија виза ви нашето иселеништво во очувувањето на нивната национална самобитност, нивното организирање, поврзување со Република Македонија, а кој однос е граден повеќе од неколку децении и кој во практика променливи резултати во изминатиот период и даваа. Меѓутоа, факт е дека скоро на сите подрачја каде што живеат Македонци и граѓани од Република Македонија било како, се согласувам со господинот Луловски што ја направи таа динкстинција, било како економска миграција, било како иселеници дека тие односи мора до крај да ги градиме. Затоа и сметам дека расправата во овој Парламент треба

IV/7.-

да даде и основи за еден нов однос и нов пристап во градењето на нашите односи и пројавувањето на интересот на Република Македонија, бидејќи ќе се сложите во овој период на вакум беше искористен особено од некои партии во Републиката за сопствена политичка промоција меѓу иселениците со желба да создадат свои политички јездра, а добар дел и формираа свои задгранични политички комитети. Ги вовлекоа во своите партии, политички дури ги организираа, а во последно време некои партии вклучија и наши претставници од дијаспората и во своите политички раководства. Очигледно поведени по овие амбиции на политичките партии кои сметаат дека со јакнењето на позициите во дијаспората ќе ја зајакнат и својата политичка позиција во Републиката, тргнала и одредени општествени организации и здруженија кои всушност заборавајќи на своите основни функции и декларирани програмски определби се завлекоа во политички опции кое што е и основна причина зошто Парламентот денеска рас- права по документите за овој светски македонски -конгрес

Бидејќи присуството на овие политички партии, а секако и вакви поединечни здруженија всушност воведоа во ситуација да од- носот, да се гради однос меѓу Република Македонија и иселеништвото, односно економската миграција, да се гради некој однос меѓу политичките партии и дијаспората. Тоа да биде само уште еден додаток на новите поделби меѓу нашите сонародници. До вчера ги делевме како пробугарски, прогрчки, просрпски, а сега веројатно ќе почнеме да ги делиме нашите иселеници или работници на економска миграција, на провмровски, просоцијалдемократски, пролиберални, просоцијалистички или про ВМРО-ДП итн., што всушност целата оваа политичка карта во Републиката, што е објективно присутна и треба да се изразува ќе ја пренесеме по дијаспората и ќе создадеме нови политички потреси што ќе ги девалвира основните вредности на комуникацијата и обединувањето

врз една единствена национална кауза. Па, врз база на тоа е веројатно историјата повторно ќе се повторува со настојување на партиите да се избегнат единствено легитимните органи во Републиката во процесот на политичкото одлучување и повторно политичките одлуки да се донесуваат надвор од Републиката, а овде само да се и реализираат. Затоа по мое мислење клучно прашање кое се поставува во врска со документите, и за тоа би направил коментар по овие три основни прашања, по документите за наредниот прв свет- ски македонски конгрес е прашањето на основната платформа која што ја нудат овие документи.

Во која мера. Обидите кои што ги прават овие акти подготвени за конгресите го изразуваат пред се, како што и во регистрацијата се декларирале, како добротворни и хумани, го изразуваат својот добротворен и хуманистички карактер и дејност. Или тие по својата содржина претставуваат параксаланс политичка платформа, со што всушност се доведуваат и основните цели поставени во своите програмски определби за духовно, културно и економско обединување и јакнење на националниот идентитет на македонскиот народ. Затоа за мене се неприфатливи некои обиди на одделни пратеници кои влегоа во оваа каша да ги релативизираат или минизираат некои односи кои и покрај тоа што се декларираат дека за нив се неприфатливи одредени ставови и определби во овие документи дека се неприфатливи одржувањето на повеќе конгреси, сепак се оградуваат од цврстите и јасни оценки во информацијата на Владата во однос на неприфатливоста на нејзините определби и дека тоа не треба така сериозно да се сфати, бидејќи државата од тоа нема да има никакви посебни последици. Меѓутоа, јас сум уверен дека од тоа нема да има државата некои посебни последици. Меѓутоа сигурен сум дека ќе има тешки последици во организирањето и јасното определување на

деловите на македонскиот народ и граѓаните од Република Македонија кои што живеат во странство и за нашите вкупни меѓусебни односи. Затоа мислам дека реагирањето на овие пратеници повеќе го доживувам како закаснета пробудена со- вест откако веќе влегле во стапиците, влегле во конгресните стапици. Затоа изгледа малку наивно и залагањето или оправдувањето на такви неприфатливи однесувања -и определби во овие документи дека тие се работна верзија и дека дополнително ќе бидат коригирани, нема зошто од тоа да се прави трагедија, тоа се млади луѓе кои што се вклучиле во една ваква голема политичка активност.

Во што е по мене клучно неприфатливоста на политичката платформа во овие акти на првиот конгрес на првиот светски македонски конгрес. По мое мислење пред се во јасната определба која што е изразена низ документите, Здружението на граѓани од Гевгелија за свикување на светскиот македонски конгрес како добротворна и хуманитарна асоцијација за духовно, културно и економско обединување на Македонците и македонските асоцијации во светот и за афирмација на македонскиот идентитет всушност да прерасне во светски македонски конгрес како највисок парламент на македонците од целиот свет. Со други зборови да прерасне во една парадржавна и параполитичка асоцијација и кој градејќи го својот легитимитет сега како парламент на сите Македонци од светот тој повеќе веќе ја напушта своја програмска определба како хуманистичка и добротворна организација која се бори за обединувањето, туку си зима прерогативи да го утврдува државно - правниот и политичкиот и стопанскиот систем на Република Македонија.

V/1.-JJ/МЛ

**КИРО ПОПОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Да ги утврдува меѓунационалните односи, граѓанските права, носителите, државноста, да го утврдува службениот јазик во државата Македонија, носителот на меѓунационалните односи и сл. И можеби до колку овие определби беа дефинирани како ставови или мислења на оваа асоцијација, сосема за мене ќе беа прифатлив. Меѓутоа ако вие ја читате националната програма и декларацијата ќе видите дека тоа веќе наликува на уставна материја каде што одреден парламент утврдува основни елементи на конституирање на една нова држава. И доколку тие елементи беа утврдувани или посочувани како ставови на таа асоцијација визави постојниот систем и Устав во Република Македонија, можеби до некаде ќе беа и прифатливи, и покрај тоа што не ќе можеше да се оттргне впечатокот дека со тоа се настојува да се супституираат постојните единствено легални и легитимно избрани органи во Република Македонија, или да сакаат субординираност во нивниот однос.

Меѓутоа сложеноста настанува кога ќе се сфати дека всушност сите тие елементи на државноста, се говори за една нова држава Македонија која што се пледира да се конституира на етничката карта, географската карта на територијата на Македонија.

Во таа функција и сите определби во националната програма каде децидно македонскиот конгрес како највисок парламент на македонскиот народ во целиот свет одлучува, повторувам одлучува, усвојува декларација дека Македонија е национална држава, дека носител на државноста на македонскиот народ, одлучува светскиот конгрес дека службен јазик во Македонија е македонскиот јазик. Одлучува дека македонскиот народ, зборува во име на целиот македонски народ, дека народот нема никогаш да прифати менување на своето име, македонскиот конгрес одлучува дека Македонија секогаш во името на

Македонија ќе се грижи за положбата и човечките права на Македонците во соседните земји, дека Македонија, во името на Македонија ги заштитува верските и сл. обичаи, дека Македонија и македонската држава гарантира заштита на етничките, културните, верските и други особености на националните малцинства. Дека Македонија нема никогаш да има територијални претензии, дека Македонија во име на Македонија нуди во светскиот меѓународен промет договор со сите соседи на Балканот да склучат договор за меѓусебно не напаѓаше. Потоа дека Македонија нуди создавање на балканска федерација за безбедност и соработка, дека Македонија никогаш нема да се откаже од вековната борба за обединување на македонскиот на- род и ќе побара воени репарации и обесштетување итн.

Поставувам прашање во чие име, во име на кој македонски народ, во име на која држава Македонија и со кој легитимитет овој светски македонски конгрес ова го изјавува пред светот? Кој го овластил да говори дека Македонија се залага за ова, Македонија се залага за она. Овој светски македонски конгрес може да каже дека во Република Македонија ќе се залага за овие и овие прашања вака да бидат регулирани. Не може во името на Република Македонија, па затоа името Република е испуштено, да говори и со јасна дефинирана определба. Единствено легални и легитимни органи а тоа е овој Парламент, оваа Влада, овој претседател на Републиката, овие политички партии што се во Парламентот и надвор од него ние кои сме добиле доверба од тие граѓани да говорат во нивно име.

Според тоа не случајно поткрепа на тоа е разработката на институционалното организирање на светскиот македонски конгрес, е изразено во самиот статут. Тој статут не зборува за духовно, културно и економско обединување, туку зборува за преземање на мерки, за

опстанок на македонскиот народ, говори за зацврстување на државно - правната и меѓународна позиција на Македонија, говори за склучување на меѓународни договори за мислење светскиот македонски конгрес заклучува меѓународни договори. Светскиот македонски конгрес содржи јавни овластувања. Поставувам прашање на која држава и согласност од која држава, бидејќи не се зборува за Република Македонија. Не се знае каде ќе биде регистриран, веројатно не мислат јавни овластувања дека овој конгрес ќе се држи во Австралија, Канада, Америка или Европа. Потоа дека ќе издава уверенија, уредби, прописи и дека целиот имот на македонските друштва, црковните општини ќе бидат трансформирани во македонски општини и доколку бидат укинати ќе бидат сопственост на светскиот македонски конгрес, а ако тој се укине правен наследник ќе биде македонската православна црква, која што е единствена институција од Републиката што во овие документи се признава како валиден партнер за разговор. Не се спомнува ниту Влада, ниту декало избрани органи на оваа држава, ниту Парламентот. Затоа се поставува прашањето, според мене, логично не значи ли конституирањето, вака институционалното организирање и конституирање на светскиот конгрес, всушност формирање на паралелен систем на власт дали е тоа или на државна структура со цел да ги супституира легалните единствено избрани органи на Република Македонија. Дали ова всушност не значи редефинирање на јасно дефинираните уставни одредби и посебно определбите на меѓународен план и меѓународната активност на Република Македонија, за што меѓународна декларација за Македонија сите во овој Парламент бевме едногласни за меѓународно признавање.

Всушност документите се консеквентни бидејќи основна политичка платформа од која поаѓаат и во која е вградена целата конструкција е всушност ревидирање на историските и научно потврдени факти за

едногенезата на македонскиот народ и историскиот континуитет на настанувањето на македонската држава.

Заговарањето на античкото потекло на македонскиот народ и македонската држава претставува сериозен предизвик а поготово кога тоа претставува политички памфлет а не и научно потврдени докази. На крај краишта тоа не е ништо ново во нашиот политички живот, ниту во нашата историја. Овие гледања беа присутни со веќе започнатиот плурализам во 1990 година, иако не се буквално пренесени во оваа платформа. Протагонистите на овие идеи всушност говореа дека македонскиот народ не е словенски, дека е тоа комунистичка ујдурма и дека комунистите измислиле дека Словените дошле на Балканот а дека ако сериозно се погледне и анализира овие протагонисти велат дека во планинските предели на Македонија сеуште живеат живи потомци на Александар Македонски. Апсурдноста до каде иде, на одредени протагонисти кои што со слични тези како и во овие документи се пласираат. Всушност од овие причини ценам дека сериозни забелешки можат да се ставаат на основната политичка платформа, од- носно актите на овој конгрес. Затоа по мое мислење воопшто не е проблем дали ќе се држат, два, три или пет, или десет конгресни, основниот и суштински проблем, основната платформа врз која тие се организираат, институционалниот модел што се нуди за нивно по- врзување и обединување и функцијата во која тие се остваруваат, како што реков од одлична, од едноставна хуманитарна и добротвор- на дејност се претовара во парекселанс политичка активност со парадржавни и политички својства, со цел, всушност, и врз неприфатлива платформа за едногенезата на македонскиот народ и на македонската држава, всушност да се внесат нови заблуди во нашата емиграција и иселеништвото и врз база на тоа да се градат некои и лични амбиции, партиски реитинзи кои што мислам како бумеранг ќе се врати и на

иселеништвото и на оваа држава, а верувам дека најмногу на тие поединци и партии кои ги заговараат ваквите пристапи.

Меѓутоа во секоја неприфатливост има и нешто корисно од самата расправа, затоа што прво јасно ќе треба да се определи- ме за овие ставови и определби и второ што ова ќе не стимулира, всушност и од таа функција ќе предложиме соодветен заклучок, во што пократок временски период заедно со Владата и собраниските тела да се обидеме да изградиме еден нов модел и политика на обединување и поврзување со нашите иселеници и емиграцијата, а во функција на нивно постојано живеење со проблемите и животот во Република Македонија, за нивно економско, духовно и културно обединвување и поврзување со Република Македонија, а со тоа и јакнење и зачувување на нивниот национален идентитет. За ова други релации не може и да постојат ниту постојат во било која држава. Релациите се Република Македонија и иселеништвото. Од посредници тука нема потреба.

Затоа би предложил, имајќи предвид дека и претходните дискутанти ставија забелешка на последниот став од точката три што за мене е сосема^прифатлива, меѓутоа, бидејќи се добива и дадоа таква конотација на самиот текст и дека им смета на многу пратеници, би предложил тој дел да отпадне, не затоа што тој е неприфатлив бидејќи тој претставува своевидна тавтологија и затоа што со тој став се задолжува Владата и органите да го спроведат законот и уставот. Тие веќе со устав и со закон се задолжени тоа да го прават. Би предложил наместо тој став да се преформулира со определба на Собранието, надлежните државни органи во што поскоро време, врз база на веќе остварените согледувања за меѓусебните односи и контакти на Република Македонија со нашето иселеништво да изгради јасна

политичка платформа и институционални облици на меѓусебно поврзување а со тоа и јакнење на националниот идентитет на нашето иселеништво во странство и нивно културно, духовно, етничко и економско поврзување со Република Македонија. Тоа е и официјален предлог како додаток и замена на последниот став на точка 3 од Предлог - заклучоците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Харуни. (Не е тука).

Има збор господин Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници како што сум читал негде и чул историјата некои велат се повторува, а некои велат дека не се повторува. Јас тврдам дека се повторува. Кај нас Македонците се повторува и тоа како трагедија.

Пред 100 години во Солун е формирано ТМРО, а подоцна ВМРО. Но само после две години 1895 година од страна на бугарскиот цар Фердинанд се формира врховистичко ВМРО. Така започнува расколот кај Македонецот, се јавува синдромот на македонското самоуништување. Ова се повторува после 100 години и се ствара раскол кај македонскиот народ. Се формираат два семакедонски конгреси, однос- но конференција и се одржуваат во ист месец оваа година - август. Формирањето на две револуционерни организации пред 100 години може историски да се оправда, бидејќи Македонија била под турско ропство, а соседните балкански земји тежеле секоја за себе да приграби што поголемо парче од македонската земја.

Сега кога имаме своја држава, самостојна, суверена Република Македонија нема никакво оправдување. Наместо да се одржи еден обединувачки семакедонски конгрес, ни се нанесува голема срам, се

организираат два конгреса и ни се нуди да продолжи синдромот на македонското самоуништување. За оваа сегашна подвоеност на народот мора некој да кумува. А кој би бил друг ако не и актуелното републичко раководство. Тоа организира еден нов конгрес, поддржува фракција. Тоа е својствено за врховизмот, овде врховизмот измислен. Не еднаш нашето републичко раководство декларативно изјавило дека е против врховизмот, но тука го прифаќа и тој врховизам што досега го напаѓаше се враќа како бумеранг на неа. Дека е тоа така се гледа од следното: разделени сме во Парламентов, македонските партии не можат да најдат заеднички јазик и со консензус да ги решат сите прашања од национален интерес. Пратениците од левиот блок многу полесно наоѓаат заеднички јазик со албанските партии, како нивните луѓе би ги задржале што подолго време привелегиите наследени уште од едноумието. Разделен е и народот во над 50 политички партии. И на крајот поделба со двата семакедонски конгреси. Има старо правило за полесно владеење са народот, користено од царевите и императорите,уште во старите векови "дивидум ен импере" - раздели па владај. Може поделеноста да дојде и од незнаење во раководството. Тоа е знак за неспособност на актуелното државно раководство. Во тој случај веднаш тоа треба да се повлече. Ако е намерно нема да се повлече, но народот не простува. Народот ќе најде начин да го истера. На македонскиот народ му е потребен еден конгрес, два никако. Народот во Република Македонија како и во дијаспората многу е надежден и едвај чека да се одржи семакедонски конгрес. Ако. не се одржи таков конгрес ќе претрпи големо разочарување. Веќе имаме дојдено повеќе делегати од дијаспората. Многу е погрешно, конгресот што треба да се одржи на 7 и 8 199 3 година во месец август што се наречува конгрес на Петров. Конгресот што треба да се одржи на 22 август, конгрес на Џон Битоф. Тоа се македонски

конгреси и не треба да се спомену ва дека се сопственост на некоја личност. Тоа исто така важи и за новинарите.

VI/1 CJ/СЛ

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ**:(продолжение)

Конгресот што треба да се одржи на 7 и 8 е регистри- ран како Здружение за Светски македонски конгрес. Конференцијата на Извршниот одбор на Светскиот македонски конгрес што треба да се одржи од 2 0 до 22 август не е регистрирана ниту има поднесено барање за регистрација 'како општествена организација или здружение на граѓани. Сепак пред една година е одржан Светски македонски конгрес во Скопје под покровителство на актуелното државно раководство на кој имаме поздравен збор и од претседателот на Републиката г-динот Киро Глигоров. На тој конгрес е избран за претседател миленикот на претседателот, г-динот Џон Битов, бизнисмен од Канада од македонско потекло. А, изборот бил по стариот болшевички испробан начин.

Делегатите што учествуваа на Конгресот биле регрутирани од Републикава, така и од дијаспората како лојални проверени и верни на актуелното републичко раководство. Додека претставници од македонските национални партии немало, немале пристап, макар да за време на периодот од повеќепартиските избори усвоија повеќе од 400 илјади гласа. Во поздравниот збор г-динот претседател на Републиката, г-динот Киро Глигоров ги советуваше делегатите од дијаспората кога ќе се вратат во своите места на живеење да не се врзуваат за ниедна македонска политичка партија. Може ли на тие луѓе да им се одземе тоа право кои со телото се надвор од Македонија но духот сеуште им е во неа. Каква неправда према тие наши сонародници.

Околу одржувањето на овие конгреси постојат повеќе алтернативи:

Прво, да се одржат два конгреса, Второ, да се одржи било кој од двата , и Трето, да се одржи единствен обединителен семакедонски конгрес.

Тоа е желба на македонскиот народ, тоа е желба на мојата партија ВМРО- Демократска партија за македонско национално единство, која има задача да го обединува македонскиот народ. За да се одржи еден семакедонски конгрес државното раководство ако сака може да среди и тој ќе се одржи, во спротивно како што кажав и порано или е неспособен , или не сака и ќе сноси историска одговорност. На тој единствен семакедонски конгрес да се избере еден претседател по демократски пат, па тука нека учествуваат и господата Тодор Петров и Џон Битов._.и други, па.. нека се избере само еден претседател. Во спротивно ќе ни се нанесе нова несреќа и ќе продолжи синдромот на македонското самоуништување во Самостојна и суверена Република Македонија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, што е причината што ме натера по втор пат да излезам на оваа говорница што оваа точка. Гледам дека оваа седница на Парламентот се претвора во еден своевиден пленум за тоа што во времето на едноумието се сеќаваме дека имаше таканаречени брионски пленуми после кои паѓаа политички одредени личности. Мислам дека

функција. Како пратеник , член на Партијата ВМРО- Демократока партија за македонско национално единство, за љубов на тоа толку посакувано македонско национално единство, а сакајќи да се спротивставам на режираната претстава во овој највисок законодавен орган на македонската држава, претстава за која сценариото е напишано и режирано од искусните тоталитарни сценаристи и режисери, членови на владеачката коалиција кои занаетот, тоа мора и да им се признае, го испекоа во центрите за пропаганда на сеуште владеачката бивша и сегашна државна номенклатура.

Морам уште еднаш пред да ми се наметне непотребното ќе го речам гласање за некакви заклучоци, ќе ги кажам причините кои ме наведоа да размислувам дека стварно оваа седница, а тоа се гледа и од интересот се повеќе ми заличува на пленум, со однапред донесени решенија.

Прво, ова Собрание не може да донесува заклучоци кои се однесуваат, пред се, на македонскиот народ и неговото единство за и околу националните интереси. Зошто? Во ова Собрание има и пратеници избрани од припадници на националните малцинства, односно на националностите кои се избрани врз национална основа. Тоа е факт , тоа сите го знаеме дека е така. Не може на пример претставникот на Ромите во Република Македонија да ни соли памет како ние Македонците да организираме Светски македонски конгрес, кој пред се е од национален карактер затоа што сите вакви конгреси се од национален карактер . И претставникот на Либералната партија спомна дека и Евреите имаат свој еврејски конгрес, Пољаците, Украинците итн. Сите тие конгреси се во функција на нацијата која ја претставуваат и за нејзино лобирање во оние држави во кои што живеат.

VI/4

Па така и првиот Светски конгрес на Ромите одржан во април 1971 година е Конгрес само на Ромите и другите се разбира одржани досега се со ист карактер.

Но, ова Собрание нема расправано досега за работата на овој конгрес, а мислам и дека нема потреба ние да расправаме за еден конгрес на Ромите, затоа што тоа е , ќе повторам, конгрес на Ромите , а не и на Македонците.

Но, ова Собрание досега требаше да расправа за односот на пратеникот или член на Коалиционата Влада кој во писмото упатено до г-дин Бутрос Бутрос Гали и до членките на Советот на Европа тврди дека во Република Македонија живеат повеќе од 220.000 Роми или во заграда како што напишал, јас не ги нарекувам така меѓутоа тој напишал во заграда (Цигани). А знаеме дека на пописот од 1991 година во Република Македонија живеат над 50.000 Роми, давајќи преглед на бројот на Ромите во другите држави како за Србија на пример. 1.100.000, во Грција 1.000.000,Чешка и Словачка над 2.500.000 итн. Скоро за сите држави дава бројки. Па, господа пратеници тоа може да предизвика несакани последици кои можат да и се импутираат на оваа македонска држава, дека се меша во внатрешните работи на толку оддалечени држави како што е една Чешка или една Словачка.

И уште да го .спомнеме барањето за формирање ромска држава Романистан, каде би се запрашал ќе се формира, во Република Македонија, во една Германија, во Франција или можеби сака господинот во САД да се формира тоа? Тоа не верувам дека ќе му се дозволи,

Овде исто така пратениците од албанската националност заговараат, а со тоа се сложуваат и нивните коалициони партнери од СДС, Либералната партија итн., дека и тие треба да расправаат и да гласаат за заклучоци околу македонскиот светски конгрес, односно околу единството на македонската нација, а истата господа имаат албанско светско лоби како продолжение на призренската лига формирана негде пред 120 години ако не се лажам, кое ова светско албанско лоби е во функција на албанската нација и тоа во последно време работи од позиции на создаваше на велика Албанија. А ние како Македонци не сме расправале и околу членувањето на нашите колеги Албанци кои седат во овој Парламент, во оваа ситуација, а ниту ќе ни дозволат верувам да расправаме, ниту немаме право да расправаме. Каде е лицемерието и од чија страна доаѓа , се поставува прашање. Кога на 5 април 1993 година е обновено барањето на пратеничката група на ПДП-НДП во Собранието да се расправа за декларација за рамноправен статус на Албанците во Македонија, каде меѓу другото се бара и следново. Националниот состав на Собранието се појдовна основа за составот на сите органи на државната власт. Значи по национален клуч оној што е одамна или така се декларираме дека го напуштивме односно Владата пред се се декларира, а не способноста и знаењето на поединци.

Национални јазици во Република Македонија се, тоа е барањето на пратеничката група на ПДП-НДП, македонскиот, албанскиот и турскиот. Нешто што ми мириса многу на Босна. Знаете она три народи, три конститутивни народи, видовте што и како ја доведе таа Босна и тие три народи што се случува сега со таа Босна.

Понатаму се бара во барањето на пратеничката група ПДП-НДП, во Република Македонија службени јазици се македонскиот и албанскиот во подрачјата каде што живеат Албанци. Значи во еден град или во едно село да има и еден албанец таму ќе бидат рамноправни и двата јазика. Значи се напушта она три народи, сега одиме на два народи конститутивни во македонската држава.

И на крај точката 9 предвидува Албанците во Република Македонија имаат право да одлучуваат за нивната судбина и во тој контекст да го понесат својот дел на одговорност за судбината на Републиката. Што значи ова,ќе ве прашам почитувани пратеници. Значи:

Прво, референдум, автономија, самоопределување, федерализација и на крајот сецесија и создавање на Велика Албанија. Па нека ви е наздравје ќе ви речам господа пратеници од коалицијата кои сте нивни партнери, кои заедно со нив владеете со оваа Република Македонија, а кои се од таканаречените леви партии- или само граѓански, значи и вие учествувајќи и прибирајќи ги во една ваква коалиција им давате право на таквите да расправаат за националните интереси на Македонците и создавање на еден единствен обединет светски македонски конгрес. Во сите правни држави ваквите заложби се наредуваат сепаратизам и таквите држави ги употребуваа механизмите за заштита на уставниот поредок, а кај нас Владата како засилување ни испрати двајца министри да присуствуваат и добро е што дојдоа...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, за темата расправајте,

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

... и тоа на полицијата и одбраната за да не заплаши нас национално ориентираните македонски пратеници, внимавајте како ќе дискутирате на овој пленум во ова македонско Собрание и што зборувате, инаку сигурно господинот Фрчковски е тука, а и Предлог - заклучоците од двајцата пратеници во однос на расправата за двата светски македонски конгреси се виде дека се расправа само за светскиот македонски конгрес оној на Тодор Петров, а овој другиот не мора да се расправа за него, жртвата е тука, најдена е, без разлика што кажав вчера дека со поголемиот дел од таа национална програма во оној историски дел не се сложувам и се надевам дека тоа и господинот Тодор Петров ќе го увиди оти има и многу грешки таму и недоследности, меѓутоа, очигледно е дека на овој пленум жртвата е најдена.

Цитирам во третиот заклучок што пре дмалку добивме Амандман, поднесен во 13,05 часот дека дел од тој заклучок, еве се прифаќа Амандманот од г-динот Голубовски и се брише, меѓутоа, ќе остане една дамка која дамка е таква на ова Собрание дека се предлагаат и такви заклучоци.

Зошто се предлагаат такви заклучоци? Зошто реков дека има сценарио и режија однапред подготвени. Тоа се и овие заклучоци, каде што се вели "Собранието оценува дека програмските определби содржани во документите на Првото генерално собрание на Светскиот македонски конгрес, регистриран во Гевгелија, значи само една жртва најдоа, не ги почитуваат демократските легално и легитимно конституирани органи, институции и нејзиниот устав итн.

И ги повикува овој заклучок надлежните државни органи да преземат соодветни мерки. Значи, што? Репресија, апсења итн. Нешто многу, многу познато од нашето не така далеку минато. Македонскиот берија сега изгледа сеуште е жив. Затоа во оваа политичка пленумска тоталитарна ујдурма,не сакам почитувани пратеници да учествувам, а не верувам дека некој од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе учествува во една ваква политичка ујдрума со однапред смислено сценарио и режија. Знаеме дека во Партијата СДС имаме и добри сценаристи и добри режисери кои како континуитет на нивните фамилии знаат добро да режираат и да пишуваат сценарија.

Благодарам.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Господа пратеници, почитувано претседателство, имам намера од името на Владата уште еднаш да ги објаснам мотивите кои ја инспираа Владата да напишат таква информација која ја баравте и некои во дискусиите вчера и денеска забелешки да разјасниме ба- рем за македонската јавност пошироко. Имено, расправата која ја поставија процедурално по барање пратениците од ова Собрание, Владата сметаше дека«треба, заслужува внимание и во таа смисла изготви информација. Како што рече и пратеникот, авторот на документите во кои на еден начин во еден дел информацијата се осврнува, а Собранието може да расправа за сите политички теми од јавниот живот во Републиката. Во таа смисла и за оваа политичка тема може заклучоците, или резултатот од расправата да биде непријатен за некого, меѓутоа затоа е расправата, всушност да се расправа за тие политички теми. Расправата во Собранието не ги заменува ниту процедурите на другите органи на власта, ниту процедурите на Уставниот суд, или на судската власт. Колку што мене ми е познато такви не се покренати и нема потреба од никаков страв дека ова би сугерирало

покренување на такви процедури, врската што се прави, или што се сугерира, меѓутоа е сосема неоснована. Напротив, и при регистрацијата на ваквите здруженија министерството кое го водам е крајно еластично, дури и во регистрацијата на еден дел од нив кои што можат да се појават контроверзии меѓу начинот, односно името под кое се регистрираат и целите каде се поставени се оди на еден еластичен приод да не се инсистира на таква доследност за да само и единствено да не се коментираат на некој начин односот на власта кон овие здруженија невладини, или политички партии исто така.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ**: (Продолжение)

Во таа смисла мислам дека праксата покажува сосема спротивна насока од овде сугерираната. И во таа смисла незнам зошто бевме изложени да слушаме тиради за човековите права и слободи,за правата на здружување ги пишува во Уставот, можевме да ги прочитаме. Ни криви ни должни слушавме: за еден патепис од Америка. Во целата ситуација мислам дека е единствен мотив на Владата имено следното: Владата имаше намера да го искаже јасно својот став што не може да биде надлежност на невладините организации од било кој тип, од овој,или од некој друг тип што имено е надлежност со Уставот дадена на органите на власта во Република Македонија. Тоа е централно место на Информацијата и околу тоа се врти целокупната информација. Колку што јас можев да ја следам целата расправа можам со задоволство да констатирам дека поголемиот дел практично од опозицијата го поддржа тој дел од Информацијата, имено, што е уставна надлежност на органите на Република Македонија независно каков е нивниот личен однос спрема составот на тие органи сега, а што е работа на невладините организации, во овој случај на конгресите од овој вид. Јас мислам дека дури и експлицитно овде имаше поддршка на таквиот однос на Информацијата кон овој кон- кретен случај. Тоа е една од ретките ситуации кога можеше да се направи еден ваков независно од реториката на нападот на Владата и на десети теми отварање овде, фактички еден консензус околу тоа што невладините организации можат да работат, што е работа на органите на власта на Република Македонија. Уште еден мотив кој во Информацијата мислам дека јасно е изразен независно дали некому му се допаѓа стилот во кој е кажана, дали е преостар,или помалку остар, тоа е помалку битно. Битно е дека централниот мотив е да се извлечат неколку едноставно неуставни по мислење на Владата  претензии на конкретната невладина асоцијација.

Имено експлицитно е кажано најмалку три, иако се тие неколку пати овде осветлувани јас ќе повторам. Обид да се бајпасира, да се надмине целокупната уставна конституција на Република Македонија со проектирање на нова дефиниција на државата. Дефиниција на државата можеби може да се даде нова меѓутоа, таа мора да помине низ уставна процедура, т.е. тоа се правилата во парламентарната демократија. Нема никој право неа да ја опструира, независно што мисли конкретно за постојната уставна дефиниција. Тоа е едно правило кое јас мислам дека е базис на било каков демократски консензус во било која држава и од кое ние немаме зошто да отстапуваме.

Второ, во документите, во конкретните документи се дава што од логичка конфузија, што од намера, нас сега тоа не ни е битно важно тоа стои таму и последиците од тоа ги сноси македонската држава и се дава надлежност за грижа за територијалниот интегритет, сувереност и самостојност на македонската држава. Тоа во ниедна возможна ситуација не е работа на невладина организација. Тоа е работа на војската и на полицијата. Во овој случај од читањето на текстот не е тоа конструкција на Владата, било кое логичко читање на текстот произлегува конструкција на паравојска и параполиција. Ако сакаме да го комплицираме уште тоа па да кажеме каде ќе функционира таа пара војска и параполиција, дали во границите на постојаната Република Македонија, или како што се вели во истите документи и во декларација на географската карта, односно на географските простори на Македонија, ако функционира, а логички е така да се чита интегрално текстот, тогаш конгресот добива некакви форми на меѓународна терористичка организација која организира паравојска и параполиција на територии на други држави. Изгледа конструкцијата логично е насилна, но таа се чита од текстот. Последиците од таквиот текст не ги носи

владината организација, последиците од таквиот текст со таквото читање ја носи македонската држава. И оттаму, Владата сметаше дека треба јасно да се дистанцира и мило и е што можеше да чуе од овој парламент да се дистанцира практично целата опозиција од ваквиот концепт.

Трето, експлицитно негирање на границите меѓу државите на Балканот. Тоа е една констатација која многу јасно кажана независно со какви логички еквилибристики тоа се обидува да се каже, тоа е експлицитно во документите. Кој може да стои зад тоа господа денеска без јасни политички штети. И оттаму концептот или заклучокот на Владата дека политичката штета може да настане и ќе ја носи Владата и органите на власт во Република Македонија независно од намерите на скрибентот на документите е факт. Во таа смисла целокупната информација не е и мислам дека нема потреба од никаков едноставно страв и незнам какви пораки овде се не беа кажани дека ова е еден вовед во некаква политичка репресија, или во некакво гонење на луѓето кои тоа го прават . Едноставно Владата имаше и има намера јасно да се огради од еден ваков проект, независно дали е тој невладин проект од една, две, или три асоцијации.

Второ, Владата исто така нема намера да сугерира колку македонски конгреси ќе бидат создадени. Таа едноставно од духот на документите или расправите кои за тоа се водат смета дека е можеби нај- логичен, може би најлогична една таква асоцијација, но тоа е проблем на тие невладини организации, а Владата има свое мислење за тоа. Не може да очекувате Владата да нема мислење за тоа. Оттаму, не постои никаков, мислам беше сосема злоупотребена говорницата бидејќи не можеше што да се каже едноставно друго во врска со информацијата, туку се отвораат теми кои воопшто не се ниту сега на дневен ред, ниту се на некој начин врзани за овој проблем. Уште еднаш

сметаме дека информацијата како таква потполно ја задоволува онаа намера која Владата ја имаше во коментарот на оваа невладина асоцијација. И повторно да кажам дека имавме задоволство да чуеме практично поддршка во суштинскиот дел на информацијата од целото Собрание.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Објавувам пауза до 15,00 часот. И молам во 15 часот да продолжиме со работа.

(ПО паузата седницата продолжи со работа во 16,00 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа. Има збор господин Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** Прилог:

VIII/2

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**

Почитувани дами и господо пратеници,

Информацијата на Владата на Република Македонија што е на дневен ред во врска со состојбата околу одржувањето на

Првото генерално Собрание на Светскиот македонски конгрес свикан за 7 и 8 август 1993 година, и седница на Извршниот одбор на Светскиот македонски конгрес свикан за 20 до 22 август 1993 година,за тоа расправаме веќе два ден, јас најдов дека е потребно (заасходно) да се расправа и конкретно сакам да бидам краток што лично сметам дека има потреба за дискусија но не да судам за статусот на една невладина организација и на едно здружение кој што своите судбини ќе ги регулираат во рамките на уставните норми. Јас лично мислам дека има потреба од расправа барем за да се обидеме да појасниме по документите што ги имаме на располагаше бидејќи вчера во расправата се изрекоа многу крупни прашања како што се чуло утврдување на основните македонски национални интереси, утврдување на основите на македонската нација , утврдување на македонските национални интереси, прашањето на македонското национално единство и други. Тоа се многу крупни прашања. По кој кога веќе имаме една национална програма каде треба да се покаже на еден начин односот на таа програма и кој темели неа ја засновуваат и врз кој рамки ќе се образложуваат и дефинираат македонските национални интереси. Во ова сложено време искажаниот однос преставува несфатлив за официјалната власт и за другите асоцијации во државата, нејасен и доста матен и неразбирлив однос према неа и нив. Имаме доста причини односно реално да очекуваме опасноста за прв пат, наместо да се тоа очекува од надворешни пропаганди нарочно српска, грчка па и бугарска, на- родите; на Македонија да се поделат однатре меѓу себе. Ова не го кажувам случајно бидејќи и во оваа говорница ќе се чуе од поедини познати господа дека за оваа информација нема што да дискутираат

не македонците и дека овој проблем е само за македонската нација итн. Јас не би се сложувал со таквите поушални дискусии и тоа овде и во парламентот само заради тоа што историската вистина не само на античката Македонија туку и на денешната современа Република Македонија и на нејзините простории се докажувало и денес се докажува дека живееле секогаш, дури и кога во Македонија не биле дојдени славените во овие простории живееле повеќе народи повеќе култури, повеќе јазици што за среќа или наша несреќа тоа е присутна и денеска тоа е и нашата реалност во нова Македонија. Тука живеат повеќе народи и денес , повеќе култури и повеќе јазици. Сите ја имаме Македонија за заедничка држава тоа е наша реалност, тоа е наша иднина, на што настојуваме таа да биде наша гордост. Па нема смисла да се оптужуваме кој колку и во кое време треба да дава за оваа и оваква Македонија. По мое мислење документите за кои се расправаат по точката на дневниот ред имаме доста причини да ги демантираме да не ги веруваме во таа декларативност бидејќи во ниту еден начин не се реални и не ја докажуваат реалноста не само на античката Македонија туку и на денешната Македонија. Тие документи се формални и засновани врз основа на негирање на другиот немакедонски етнос посебно на албанците и на другите народи кој што живеат во неа. За едни се кажува дека се дојдени пред 100-200 години за некој дека не постоеле во овие простори и дека секогаш се гости кој еден ден треба да си одат. Господо, време е да се образуваме и да знаеме повеќе литературата е во наши библиотеки што ќе го цитирам. имаме и во парламентот читајте го овој документ Турски документи за историјата на македонскиот народ "опширни пописни дефтери до XV век том III-Скопје 1976 година за годините 1452/53. Читајте и не бидете сурови и крути пред вистината тоа многу ќе ни помогне на сите нас.

VIII/4.-

Документите ги читав и само да кажам дека многу членови во Статутот се противречни меѓу себе да напоменам членот 2 комплетно му противречи на членот 9 од истиот Статут.

По член 2 Светскиот македонски конгрес е невладина, непартиски и непрофитна асоцијација од добротворен и хуманитарен карактер и дејност, со цел на културно, духовно, социјално, економско обединување на македонците. Додека членот 9 во многу алинеи покажува дека таа асоцијација многу се политизира, предвидува функција на воена формација каде што се вели цитирам: "предлагање и превземање мерки и активности за обезбедување на територијалниот интегритет, суверенитет, самостојност и независност на Македонија, што е функција за определена државна структура на одбраната што тоа по мене значи поред АРМ треба да се формира некој вид паралелни одбранбени вооружени формации. Сметам дека Статутот и така наречен македонска национална програма како акти на Светскиот македонски конгрес содржат историски и актуелни невистини што можат да произведат мошне штетни политички последици врз стабилноста на Република Македонија, а посебно на Меѓунационален план. Тие акти го определуваат конгресот како на државна и параполитичка асоцијација, не водејќи сметка за Република Македонија која постои со сите свои институции дефинирани со Уставот а која истовремено е и членка на Обединетите нации и на бројни меѓународни асоцијации. Што тоа значи овој конгрес и документите заговараат потреба од формирање на нова држава Македонија на географ- ската Македонија со други дефиниции на Републиката со други институции на Републиката со други граници и што е посебно со други внатрешни позиции на меѓунационални односи. Сметам дека програмата на конгресот преставува обид за потполно негирање на Република Македонија нигде не се спомнува Република

VIII/5.-

Македонија , туку само Македонија која не може да се разбере поинаку него изразување на територијални претензии на Република Македонија кон соседните земји. На тоа посочува и членот во кој се вели: "македонскиот народ никогаш не се откажува. правото на обединување на сите делови на македонскиот народ и Македонија". Дали е тоа возможно денеска тоа да се направи без војна во овој денеска бесен Балкан и бесна Европа. Тоа денеска е невозможно. Тоа може само тогаш ако сите ние придонесуваме во една интегрална Европа која е наш идеен проект "за обединување на сите народи во еден безграничен Балкан и во една безгранична Европа. За тоа ние денеска не сме спремни и не сме зрели зашто допрва треба да се расправа за една ваква политика. да сме спремни и зрели. Во материјалите исто така се злоупотребува историјата ,таа се политизира на определени поставени цели. Имено, коренот на македонската етногенеза и на македонската држава е заснован во Античката Македонија. да бидам поконкретен: Денешните македонци мислам на словенските немаат историско право етногенезата своја да ја бараат кај античките македонци, односно оваа денешна Македонија е дел од Античка" Македонија како држава и земја, дека македонскиот народ е само дел на својата територија кон неправда па на таа основа не бара обновување на Македонија во тие граници или се бара меѓународна конференција за обезбедување на опстанокот на македонскиот народ.

Што е објективноста по мене: Да се упоредат денешните македонци со античките македонци мислам дека е чиста негација на македонскио1 народ и на словенскиот етност во Македонија. Денешните македонци околу 900 години дошле покасно во овие простори од зад Карпатите кога Филип-11 Македонски и Александар-III Македонски владеел во античката Македонија. Дојдените славени после 700 до 900

години  никаква генетска врска немаат со денешните славени. Ова не го кажувам толку поради што треба некого да го убедам туку дотолку повеќе за историската вистина. Таков обид за поврзување на славените и државата Македонија со античките македонци /е романтичарски занес. Но, за жал неретко науката овде ни ја трасираат некои имиња кои науката треба допрва да ги запише. Овде со ова се сака да се прави научна бесмислица во историските факти и се редат во низа историски категории, поими и настани кои што во ниеден случај не можат да бидат во континуитет. Пример Самуиловото царство се смета како второ македонско царство по царството на Александар Македонски што во ј секој случај е историски апсурд.     .

Во таа насока да кажам дека нивото на политичките импликации на оваа програма паѓа на една позната идеа во едно историско време, кое што не нудело никаква перспектива на осамостојувањето на овој народ како национален субјект, како државотворен субјект таквите невозможни историски конструкции апсолутно ги темелат аргументите или аргументацијата на таквите претензии кон Македонија. е во "фактот што не се прават нужни дистинкции меѓу разлика на историјата на еден народ со историјата на определена територија. Историјата на денешниот македонски народ и на денешните македонци со историјата на Македонија се преклопува од крајот на VI и почетокот на VII век од нашата ера. додека историјата на Македонија како земја се поврзува со историјата и над руги народи и на други култури и на други јазици кои живееле и живеат на нејзините вкупни простори не само во античката туку и во денешната Македонија. Сакале или не ние мора да се сложиме со ова,

Документите на конгресот ги негираат другите етноси во Македонија, другите култури во Македонија, другите јазици во Македонија. Се наметнува прашањето што всушност нудат овие

документи. кога негаторски се однесуваат спрема другите немакедонци. Таа е чиста националистичка идеа која тврдам дека не е штетно не само за другите немакедонци што живеат во Македонија туку таа е и директно штетна и за самата Македонија и за сите нејзини граѓани што живеат во неа.

На омраза не смее ме да се согласиме, не азота што актерите на омразата не ја заслужиле, туку затоа што таа е неспоиво со чистотата на омразениот- Македонија со омраза не се брани. Со омраза Македонија секогаш била напаѓан . Но истовремено Македонија треба да се брани и со одбрана од сопствената омраза. Да заклучам. Токму сега сите ние во парламентот пред се во Владата и овие партиите, ако навистина Македонија и. македонската кауза и ме е света работа, да реагираат и да се оградат од вакви поединечни приватни промоции. Најмногу затоа што тоа не се обични вљубеници во историјата и во минатото, туку луѓе кој седат во клупите највисокиот политички форум во нашата држава.

Од друга страна ваквите игри во каузата на Македонија ,а посебно инфилтрирани овде на меѓунационален однос меѓу нас, за да се добие во политичките амбиции би рекол на некои болни глави  на поединци, реално водат во опасни - делби во Македонија, сега кога единството на сите народи и на сите вери во Македонија и околу македонството ни е најпотребно. Реално е опасноста, за прв пат наместо под влијание на надворешните пропаганди српска, грчка и бугарска народите на Македонија да се поделат од внатре меѓу себе.

Таквите делби во минатото најмногу придонесоа за тоа Македонија последна на Балканот да стане независна држава. Сега , пак делбите на национална основа, на верска основа можат целосно да ја растурат државата и ОФЗ. кога најпосле е создадена. Затоа во услови  кога сите

ние односно кај повеќето од нас постои реален партиски и национален консензус околу виталните интереси на државата, посебно кога станува збор за националното прашање и нејзиното рамно- правно решавање,потребата од тоа, конечно, се направи и кај нас е повеќе него одложена. Не за да може актуелната власт да добие политички поени, туку за да се обезбеди стабилност и просперитет на државата за сите нејзини граѓани.

Ако ова не се сфати сериозно од сите нас тогаш ќе бидеме принудени да се делиме^аз да си опстанеме односно да пропаднеме сите заедно.

VIII/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Деловнички, господин Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, една од функциите на претседавачот, да речам на седницата, е не само да дава и да одзема збор туку и да ги опоменува оние говорници кој што излегуваат надвор од рамките на Уставот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Па требаше господине Стефковски, 20 пати досега да ја прекинам.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Во случајот, требавте да протестирате кога се зборуваат некој работи, невистини, спротивни на Уставот. Прв пример, се говори дека во Република Македонија живеат народи. напротив , уставната дефиниција е јасна живее македонски народ и националности, тоа е неспорно, нели.

Понатаму, се дозволува импровизација и сугерирање на промена на името на Републиката па се нарекува од говорницата Нова Македонија, а претседавачот воопшто да не реагира.

IX/1 JM/НД

**Т0МИСЛАВ СТЕФКОВСКИ**: (Продолжение)

Оттука, во име на Пратеничката група протестирам и барам да се врши функцијата на претседавачот како што доликува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Инаку ако јас за сите досега што говореа ги прекинував седницата немаше да заврши, ниту првиот дел.

Господинот Сејфедин Харуни бара реплика.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господо, се извинувам, јас со нова Македонија мислев на современа Македонија. Со тоа значи персонифицирам денешната Македонија современата Македонија.

И нешто друго, господине Стефковски секој од нас тука има 50 изрази и описи. Јас сум сигурен дека со таков јазик на робота кој покушава секогаш да на себеси на популистички прелив, јазик кој не контактира со стварноста, туку е искривено огледало во кое се назираат само неколку облици на таа вистина. Дали тоа се однесува за тебе, или слични на тебе, или на мене, јас мислам дека оваа говорница најмалку треба да се замара со тоа. Мене ми беше многу чиста и многу искрена намерата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Димитар Поповски.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, јас не излегов на говорницава со пишан говор да ви го прочитам, туку неколку забелешки во врска со Програмата која ја предвидува се светскиот македонски конгрес чиј претседател е господинот Тодор Петров. Кај мене

постоеше пред малку дилема дали навистина овој и вака замислен конгрес ќе го поздрави претседателот на Републиката, а ми ја олесни работата кога добив соопштение од Кабинетот на претседателот на Републиката во кое се вели дека никогаш не дал согласност, ниту прифатил обврска да го поздрави конгресот,што е нормално, имајќи ја во предвид Програмата која ја предвидува овој конгрес. Тоа ме наведува да констатирам дека господинот Тодор Петров се служи со обмани и лаги, ги лаже луѓето кои што ги повикува на овој конгрес дека истиот, или истите ќе бидат поздравени од претседателот на Републиката. Тоа е навистина еден показател кој што зборува дека господинот Петров си зема многу големи ингеренции, многу поголеми отколку што ги заслужува и што може да ги има. Посебна приказна во овие материјали е таканаречената македонска национална програма од која веднаш да ви кажам ја отфрлам и се оградувам зошто читајќи ја многу ме потсетува на сите амандмани што господинот Петров ги поднесе и му беа отфрлени, или неприфатени кога го усвојувавме Уставот на Република Македонија, а тој си ги внесол сите во таа програма. Се прашувам кој му дава за право на господинот Петров, жал ми е што не е присутен на седницата, да мене ме прави македонец потомок на Александар Македонски кога јас се чувствувам македонец роден на падините на Водно и потомок на едно благородно и мироЉубиво славјанско племе кое што никогаш во својата историја не земало оружје да освојува територии, туку земало оружје само да ја одбрани својата гола егзистенција. И не давам никому за право да ме сврстува и да ме прави потомок на некои освојувачи, ограбувачи, или внуци на Василие II.

Декларацијата пак која содржи 29 точки, или 29 члена немаат никаква врска, а претставуваат некаков нов устав на некоја нова држава

Македонија, немаат никаква врска со Уставот што е усвоен на демократски начин на оваа држава Македонија. Јас нема долго да ви го одземам Вашето внимание, туку само ќе кажам дека ја прифаќам Информацијата што ја дава Владата на Република Македонија и заклучоците модифицирани и она што го дава како амандман господинот Владимир Голубовски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Фаик Абди, беше спомнат од господинот Стојков, бидејќи беше отсутен побара реплика и има право на реплика.

**ФАИК АБДИ**: (Прилог)

IX/4

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници,

Се јавив за дискусија, бидејќи почитуваниот господин Стоиле Стојков, кажа доста работи околу мене пред паузата, а бидејќи не бев тука, ја користам приликата да реплицирам за одредени искажани работи.

Наиме, ако рекол дека во ова Собрание има и пратеници избрани од припадници на националните малцинства, односно националностите и тоа на национална основа и ако рекол дека не може на пример претставникот на Ромите во Република Македонија да ми соли памет како ние македонците да организираме светски македонски конгрес, кој пред се е од национален карактер затоа што сите вакви конгреси се од национален карактер. Јас да бидам многу искрен никогаш ништо не би рекол ако тој конгрец не се држел овде во Македонија, во Скопје.

Заради ова сакам да речам дека употребата на мислата "ми соли памет", мислам дека и под секакво ниво за да македонец во да употреби такви зборови и до кога вака? македонски парламент па за било за што да се работи. Меѓутоа, тоа е индивидуално и тоа е тоа. Срамота е тоа". Секогаш такво нешто употребува господинот кој што се гледа дека многу знае.

Јас никогаш нема да респектирам ниту еден македонец во овој Парламент на Република Македонија и било каде, само заради тоа што е македонец, ами ќе го респектирам преди се како човек, неговиот аспект кон мене и другите, значи кон околината ќе ги респектирам неговите политички мислења, неговите ставови за нашата заедничка заедница, заради заедничкото живеење, неговиот смисол за меѓунационална толеранција и смисолот за организирање на мојата, нашата држава, Република Македонија.

Како, "нема да ви солам памет господине", кога овде се работи за деструкција и опструкција на легално избраното Собрание и Владата, за девалвација на мојата држава Република Македонија  која за прв пат низ

сите времиња и меридијани како Ром ме признава за националност во својата преамбула, каде од септември моите внучиња ќе учет еден до два часа ромски јазик од прво до осмо одделение, каде на мој мајчин јазик имам радио и ТВ емисии, каде во октомври на ВПШ ќе имаме паралелка на ромски јазик а можеби и лекторат на Филолошкиот факултет при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје, каде на 12 и 13 ноември оваа година ќе го одржиме нашиот прв интернационален Шутка фолк - фест на ромската песна и со еден збор, каде моите предци дојдоа, многу, многу одамна а од документите на мојата покојна мајка видов дека сум 14 генерација во Скопје.

Како нема да зборувам и да солам памет, според вас господо, кога се знае дека на сите досегашни примени 56 делегати или делегации од странство за прием на мојата Република Македонија во ЌЕБС, Европскиот совет,

Европскиот парламент и 00Н сум зборувал за правата на националностите, за ангажирањето на Ромите на Референдумот за самостојна, суверена и независна Република Македонија, ангажирањето за усвојувањето на Уставот на Република Македонија и како нема да зборувам кога мојот почитуван претседател, неговата екселенција господинот Киро Глигоров на Асамблејата во ООН покрај другото кажа дека Република Македонија е татковина и на Ромите во Република Македонија.

Гледајќи ја Вашата програма и статутот и проучувајќи ја во рамките на моите осознавања, јас немам ништо против македонците од цел свет да се соберат овде во својата матица држава и да се усогласат за духовното, културното, образовното и навидум економското поврзување,.

Меѓутоа во оваа програма гледам многу работи кои што ќе го закочат нашето влегување во европските и светските асоцијации, но сепак верувам дека тие лоши работи кои што се санкционирани со Законот за здружението на граѓаните односно членот 23 од Законот,

ќе ги тргнете настрана како несакана грешка и  секако при одржувањето на вашиот конгрес ќе имате успех,

Што се однесува до искажаното за моето писмо до господинот Бутрос Гали, и првиот светски конгрес на Ромите одржан во април 1971 година, се надевам дека господинот има неточни податоци и не е во состојба да ја разбере во потполност својата граѓанска и политичка задача во овој Парламент, и како граѓанин на Република Македонија, бидејќи секој испатен човек треба другите да им помогне во здоби- , вашето на елементарните граѓански, човечки права и правата на живот. Што се однесува до тоа дека некои држави ќе се лутат на Република Македонија, нека многу знаениот господин се обрати до седмочлената мисија на ЌЕБС која неодамна беа во Република Македонија и на разговор со мојата партиска делегација потврдија се што се однесува до Ромите во Чешка, Словачка, Полска и други земји и би било поубаво да не биде голем душебрижник.

Дали во Македонија има 220 илјади роми или помалку тоа ќе биде работа на пописот што ќе биде во април 1994 година, а ако знаениот господин мисли дека треба да се одговара за тоа, Голи Оток е тука, може да ме испрати таму.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Абди, имате право на дискусија да се јавите повторно. Вие побаравте реплика, а репликата деловнички е ограничена.

**ФАИК АБДИ:**

Она што е кажано за тоа реплицирам, не друго.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јас кога зборував господинот Фаик Абди не беше тука, сега дошол, ги земал стенограмите и го прочита она што сум го рекол. Јас стојам зад тоа, затоа што тоа што го кажав, тие податоци ги земав од писмото кое е испратено и потпишано од господинот Фаик Абди до неговата екселенција генералниот секретар на 00Н господинот Бутрос Гали, до членките на Советот на Европа - Стразбург - Франција. Тоа е ова писмо. Многу добро се гледа, преведено е на македонски нормално каде што меѓу другото стои. Ќе цитирам "Во Република Македонија живеат близу 220 илјади граѓани припадници на ромската (циганската)националност кои со новиот устав на Републи- ката во неговата преамбула се признати за прв пат низ сите времиња и меридијани за нација во заедница и трајно сожителство на албанците турците, власите и ромите со македонскиот народ". Овде има две невистини кои можат лесно да се докажат. Првата невистина е таа што се вели дека има 220 илјади граѓани од ромска националност кои живеат на територијата на Република Македонија. Тоа многу едноставно може да се докаже ако се земат податоците од пописот во 1991 година каде што стои дека некаде ми се чини околу 53 илјади припадници на ромска та националност живеат во Република Македонија. Значи, имаме една инсинуација која не е само од страна на господинот Фаик Абди не се изрекува во овој Парламент и во просторите на Република Македонија, туку една друга националност исто така вели: Ние сме 800 илјади, милион и двеста и на крај ќе испадне дека македонци во оваа држава нема.

Втората невистина е дека во Република Македонија за прв пат ромите се признаени за нација. Не се признаени за нација, туку за национално малцинство, односно според нашиот устав за националност

ако ние ги признаеме ромите за нација две нации во една држава, тогаш имаме федерализација. Значи тука исто нешто на некој начин затскриено се мисли. Тоа се тие работи. Инаку другите податоци за другите држави исто така се дадени на страна 6 од овој документ испратен до 00Н каде што може да се види дека одредена бројчана состојба на ромската националност како што е кај нас односно на етничките групи роми таму во нивните држави каде што е и за Италија, Средна Европа, Чешкословачка два ипол милиони роми. А јас ќе ве запрашам ако еден наш лојален граѓанин, државјанин на Република Македонија изнесува вакви податоци, дали тоа не претставува за тие држави на некој начин дека и особено што вели дека учествува во коалиционата влада, не претставува нешто што може да и попречи на добрите меѓусебни односи и со Чешка сега и со Словачка на нашата држава Република Македонија. Тоа се тие работи. Исто така, во тоа јас изнесов дека и пратеничката група ПДП-НДП, тоа е факт еве го и тој документ 5.IV. 1993 година многу-убаво се гледа кад што се - бара да се стави на дневен ред да се расправа за декларацијата итн. Тие исти работи се изнесени, еве ги барањата тука што ги изнесов. Тоа се тие работи, тука нема невистини, туку го цитирав документот кој што вие сте го потпишале господине Фаик Абди, јас не измислив ништо. И втора работа е, ќе повторам, вие држевте ромски конгрес еден, два три, незнам колку меѓутоа ова Собрание на Република Македонија досега не расправаше и нема потреба да расправа, затоа што тоа е ваша работа, тоа е работа на Ромите да држат светски ромски конгрес како национален конгрес. И ќе повторам, сите конгреси од тој тип, од тој вид се национални конгреси и затоа македонскиот светски конгрес е исто национален конгрес на македонците и во оваа држава и во дијаспората. И затоа нема право да

расправате и да ни предавате овде како пред малку што слушнавме цел саат националности да ни ја предаваат нашата национална историја, а вие што сте со нив во коалиција да не реагирате. Името на државата ви го сменија во Нова Македонија од оваа говорница, а вие нивните коалициони партнери не реагирате. Нека ви е на чест господа пратеници од левата коалиција.

**ФАИК АБДИ:**

Даме и господа пратеници, јас сум спремен за било каква одговорност ако постои за тоа што е напишано до господинот Бутрос Гали, ако така смета, голем душебрижник е господинот колега пратеник Сигурно човек што чувствува тоа зборува. Толку може да чувствува толку и кажал. Многу мисли за Македонија. Јас сум сигурен во себеси дека има многу доста други кои што исто така убаво и мислат на оваа држава Македонија, не само на ваков начин, а дали јас имам право или албанците, или турците, или власите да зборуваат за овој конгрес тоа е работа на овој Парламент. Јас сум легално избран пратеник во Парламентот, јас имам право да расправам заради тоа што задираат во интересите на мојата заедничка заедница како и вашата. Јас реков на почетокот тоа беше во Торонто да речеме:"што сакате правете',' ваша работа е, ама овде не може да биде така.

X/1.-JJ/МЛ

**ХИСНИ ШАКИРИ**

Господа пратеници, читајќи го материјалот кој е предвиден за работа на конгресот што ќе се одржи на 7 и 8 август може да се констатира дека содржината на овие документи е националистичка и против интересите на Република Македонија. Ваквата констатација произлегува токму од програмата и декларацијата по кои ќе работи конгресот. Тргнувајќи од многубројни причини, јас сметам како неопходно да се наведат неколку работи со кои се тангираат интересите на сите оние граѓани немакедонци во Републиката со овие документи, почнувајќи од историскиот дел на програмата па се до завршниот документ на овој собир, т.е. декларацијата. Во историскиот дел на програмата авторот ја фалсификувал историјата почнувајќи од античкото време па до денес. Настапот и произнесувањето на овие луѓе со вакви невистини не и придонесуваат на државата, бидејќи да се манипулира со една наука, човекот што го прави тоа или сака да знае повеќе од сите претходни историчари или е во ненормална состојба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ве молам да се придржувате на она што е предмет на расправа (чука со ѕвончето за тишина).

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Да напоменам едек пример што е парадокс во историјата, поготово што авторот сакал да го поврзува историскиот континуитет на античката Македонија со историјата на Јужните Словени, кои што за прв пат се појавиле на балканските простори во VII век од нашата ера. Меѓутоа во програмата е изнесена и една хистерична пресметка против Албанците, со тезата дека во западниот дел на Македонија и на Косово се населиле првите албански орди 1689 година. Со таквите невистини

господо, се служат квази историчари кои сакаат своите националистички апетити да ги оправдаат со фалсификување на историјата.

Госпдо, Албанците на овие простори живееле од античкото време кога не постоеле Словените. За ова прашање на оваа седница не би сакал повеќе да расправам. Јас им препорачувам на сите оние што не се согласуваат нека ја прочитаат и проучат подобро историјата па ќе се убедат дека Албанците се автохтон народ.

Имајќи ја предвид националната структура, Македонија не може да се дефинира како национална држава само на македонскиот народ. На првата страница од декларацијата под број 2 пишува: "Македонија е национална држава на македонскиот народ", а под број 3 "носител На државноста е македонскиот народ" итн. итн., што е спротивно на Уставот. Господо, јас прашувам дали овој конгрес има карактер на културно и духовно обединување или претставува некое друго државно тело со кое може да се воспостави новото уредување на државата. Јас мислам дека такво право им припаѓа само на органите кои што се легално избрани преку непосредните избори од страна на граѓаните.

Во точката 20 од декларацијата се бара од државата да превземе мерки за заштита на положбата и правото на македонскиот народ во западниот дел на Македонија. Јас прашувам за каква заштита станува збор.. Да не сакате да го набравте тоа тоа што го прави режимот на белградската политика, за Србите на тлото на бивша Југославија. Ако е така, хегемонистичките аспирации, изгледа има и кај поедини македонци, кои бараа да ги заштитат луѓето што се на власт.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас го молам и господинот Шакири и сите пратеници да се воздржат од било какви навреди и квалификации на своите колеги.

Има збор господинот Никола Стојановски.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Фактот што ние веќе два дена расправаме за оваа материја зборува за тоа дека не може да се минимизира нејзиното значење, туку да му се даде правото место, бидејќи се она што е напишано во платформата на националната програма за овој светски македонски конгрес, има големо значење односно ќе има големи реперкусии. И токму затоа овде треба отворено да се проговори и авторите на таа програма да си земат соодветно предупредување, односно забелешки дали ќе ја поправаат или не. Во прилог на тоа јас би рекол неколку збора.

Во историјата на македонскиот народ не се ретки и непознати делби кои што воделе кон самоуништување. Нашите комшии најмногу придонесувале за тој македонски синдром за самоуништување. Тие од секогаш биле со територијални претензии и во тоа успеале во Санстефанскиот договор, Букурештанскиот договор како и Версајскиот договор за да бидеме распарчени, поделени и поробени. Иницијаторите на семакедонскиот светски конгрес тоа траба да го знаат и да ,имаат барем малку респект спрема македонскиот народ кој што овде живее, работи и со крвава борба успеа низ НОБ и со АСНОМ да создаде суверена македонска држава, која опстојува веќе половина век и ја признава како рамноправна членка на 00Н на 8 април оваа година. Никој нема право да го разединува македонскиот народ, а најмалку има право да конституира парадржавни институти, парламенти, влади, и други

органи при постоење на легални институции и државни органи кои што ги избрал народот што овде живее и работи. Врз основа на кои норми и кои други светски признати документи може некој кој што живее на некој друг континент да ни ја крои државата и да дава инструктажа како да ја уредуваме својата држава. Затоа е суверен само народот што живее овде. Авторите на програмата се навраќаат назад, во историјата осум века пред нашата ера и не прогласуваат за најстар народ во светот. Што ќе им е таа историска небулоза за која што историчарите и наши и светски имаат поинакви согледувања. Историјата базира на пишани споменици, а каде се тие и на кој јазик се напишани, кој е тој јазик што го зборувале античките Македонци и каде се трагите од него. Конечно на кого му служат овие романтичарски излети длабоко во историјата, во ерата на некои кралеви, цареви и војводи кога тоа никој од светските историчари не го тврди. Ако е тоа така, ако на светските историчари тоа им е познато, тогаш немаше да има толку проблеми околу нашето признавање зашто тие ќе се јавеа во печатот со докази што ќе беа свртени против Грците, а не обратното. Светскиот печат тука остана нем а ние осамени. Ним им е добро познато дека нашата генеза почнува од седмиот век со доаѓањето на Словените на Балканот. Дали има основа за тие и такви излети во историјата кога е сосема јасно дека во сегашната меѓународна положба на нашата земја е контрапродуктивна таквата историска ретроспектива. Тоа може само да не доведе до работ на пропаста, до светско игнорирање и еден ден да бидеме лесен плен на комшиите. Имаме држава, сувереност имаме, устав, закони, останува само да сме единствени и да го сочуваме тоа што го имаме. На пат сме за светска афирмација, полека сите почнаа да не признаваат, а само како такви ќе си го сочуваме и името. Ако светот ги почитува начелата на повелбата на ООН и сите позитивни светски документи усвоени на сите

светски конференции, заседанија и конгреси од завршувањето на втората светска војна па се до денеска, тогаш за малите народи, па и за нас нема да има проблеми, за нашето признавање и за нашиот опстанок.

Не сум против вакви светски асоцијации на македонскиот народ во дијаспората, меѓутоа, тоа може да се однесува на нивно духовно и културно обединување, а не на градење нешто наднационално, наддржавно во поддржување на институции односно формирање на некоја имагинарна држава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Цветковски.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, од бројните разговори во мојата општина, мои сограѓани од најразлични структури од интелектуалци до, да не кажам, нешколовани луѓе добив едно информирање и еден заклучок за одржувањето на едниот односно двата светски македонски конгреси, дека во моментот во кој денес- ка се наоѓа Македонија, е една апсурдна стварност која што сите нас, да не речам, не најде на спиење. Мислам дека понеповолно нешто во овој момент што би требало на тлото на Македонија да се направи не би можело и да биде, поради тоа што не само програмата што се предвидува со најавениот конгрес не е во согласност со уставните определби, а со тоа и со надворешната политика на нашата држава, туку е и против интересите на другите држави односно на нашите соседи кои, така да кажам, прижелкуваат една таква појава на Македонците, за да можат полесно да се борат за своите цели што добро ни се познати. Мислам не

е далеку време кога Тодор Петров, направи исто така, блокирање на грчката граница, што имаше далекосежни последици по однос на нашата Република за материјалните состојби. Лесно е да се согледаат последиците и досега тоа што се направи, беше предмет на расправа во нашиот Парламент и ова што се настојува да се одржи овој конгрес на тлото на нашата Република Македонија. Мислам дека сите последици кои колкава димензија добиваат такви какви што можат да ги искористат нашите комшии ќе бидат несогледливи и ние ќе бидеме сведоци на нешто што во времето кога и македонската држава Република Македонија има бројни интелектуалци од структурата на сите сфери, а исто така и дијаспората има толку бројни интелектуалци и добри бизнисмени кои не смееле во денешниов миг да дојдат до помислата, вакво нешто да се прави во Република Македонија. Зборот ми е, имајќи го предвид економското положение конкретно ќе зборувам за мојата општина, тоа ми е должност, ние сега во последните месеци од 50 0 до 600, имаме преку три илјади фамилии социјални, што примаат социјална помош. И наместо да ја усредсредиме нашата работа овде во Парламентот, на сите политички партии и структури, здружено и со другите партии да ги разрешуваме проблемите, економската состојба, како и разборитоста на јавноста и на одговорните политички структури за да попуштат стегите во Република Македонија, ние, ете гледате сведоци сме на појава која на некој начин постојат реални услови, таа сега уште повеќе да се стегнува а со тоа луѓето да се доведат во една крајно неповолна економска и социјална состојба. Тоа е нешто што може накратко да се заклучи дека постојат, најверојатно и некои структури кои ете сакаат да го потврдат вековното тврдење, поготово на нашите комшии дека по право овој македонски народ кој што живее во Република Македонија не е во состојба да формира своја држава и истата како

таква да ја одржува и да гради добри односи на кои што во однос на комшиите само ќе можат да придонесат за доброто на државата. Од тие причини јас како пратеник на едно погранично место тргнувајќи од овие позиции го поддржувам ставот на Владата и потпишаната резолуција, односно заклучок на двајцата пратеници и пратеникот Голубовски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам овде да прекратиме и да продолжиме утре во 10 часот.

(Седницата прекина со работа во 17 часот).